СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јули 1996 година

Скопје, јули 1996 година

## ПЕДЕСЕТТА СЕДНИЦА (50), I ПРОДОЛЖЕНИЕ - ОДРЖАНА НА 18 ЈУЛИ 1996 ГОДИНА

1. АБДИ ФАИК 32 ,34, 36, 37
2. ВАНГЕЛОВ АТАНАС 8, 11, 18, 26, 49, 54
3. КАРОВ ЗВОНКО 4
4. К0ЦЕВСКИ АЦЕ 46, 48, 50, 72
5. МИНОВ ПАНЧЕ 37, 39, 73
6. МИШКОВ ЉУПЧО 42, 45
7. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 57
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
9. ПОПОВСКИ НИКОЛА 22, 81
10. ПОПОВСКИ ВЛАДО 74, 76
11. РАМАДАНИ ХИСЕН 19, 20
12. РАМАДАНИ ИСМЕТ 54
13. РУЖИН НАНО 60, 62
14. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 5, 18, 26
15. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 40
16. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 51
17. ТУДА РАМИ 1, 2
18. ТАНТАРОВ ВЕЉО 27, 28, 38, 49
19. ТАИРИ МЕВЉАН 88
20. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ 63, 67, 70
21. ШАПУРИЌ ЗОРАН 82, 84

ИНТЕРПЕЛАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ЧЛЕНОТ НА ВЛАДАТА И МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ (продолжение од 17.VII.96)

Точка 2 – стр.74 Предлог на кривичниот закон

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јули 1996 година**

Седницата се одржа во салата 1 во Собранието на Република Македонија,со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Митко Илиевски, Дане Милошевски, Митко Ристевски, Драган Георгиев, Иван Бојков, Зоре Темелковски, Симеон Наумовски, Димитар Поповски и Ратка Куљан Зографска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес.

Има збор господинот Каров.

Господин, Туда процедурално.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дами и господа, повод за ова процедурално појавување пред оваа говорница е вашето добивање на нашиот предлог за вклучување како посебна точка на дневниот ред расправа за Универзитетот во Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дневниот ред го утврдивме, за тоа не расправаме.

Процедурално во врска со ...

**РАМИ ТУДА:**

Па процедурално е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, тоа не е господине Туда процедурално. Ве молам, дневниот ред е утврден, ние гласавме за дневниот ред. Ако имате нешто друго повелете, ако не, Ве молам да ја напуштите говорницата.

**РАМИ ТУДА:**

Ви се молам, немојте да ме прекинувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не јас сум за тоа тука.

**РАМИ ТУДА:**

Се што се говорело од оваа говорница....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, господин Туда, јас имам обврска да ја водам седницата согласно Деловникот.

**РАМИ ТУДА:**

Вие веднаш заклучувате, вие не знаете што имам јас да кажувам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, вие рековте за дневниот ред, а тој го утврдивме.

**РАМИ ТУДА:**

Јас морам да го прочитам ова.

Расправа за Универзитетот во Тетово и институционализирање на истиот како и изречените правосилни пресуди на челниците на Универзитетот во Тетово, професор д-р Фатил Сулејмани, претседател на Сенатот Мелаи Фејзиу и другите личности ангажирани (претседателот Тито Петков- ски му се обраќа со зборовите: "Ве молам, ве молам",) завршувам, во Универзитетот во Тетово.

Владата на Република Македонија врз база на апстрактните политички заклучоци...(во исто време му се обраќа и претседателот на Собранието)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Туда, Ве молам, ова нема врска со Деловникот.

**РАМИ ТУДА:**

...го прогласи Универзитетот во Тетово како парауниверзитет и како илегална институција, мимо фактот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам.

**РАМИ ТУДА:**

Завршувам - што Универзитетот во Тетово е народен универзитет

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да ја напуштите говорницата.

**РАМИ ТУДА:**

...Формиран од албанскиот народ во Република Македонија...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Туда.

Пауза од 10 минути.

(Претседателот Тито Петковски и присутните во салата станаа, а пратеникот Рами Туда продолжи да зборува на говорницата, и покрај тоа што претседателот даде пауза.)

(Пауза од 11,50 до 12,05 часот).

Има збор господинот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, министри, претставници на Владата, слободниот пристап кон информирањето, слободата на примање и на пренесување на информациите, како и гарантирањето на слободата на правото на јавниот говор и јавното информирање се нашите основни уставни определби кои го регулираат правото на остварување на основните човекови права и слободи.

Новинарите и новинарството воопшто отсекогаш посебно сега, имаат посебно значење во општествениот живот, една сериозна и одговорна задача во презентирањето на вкупните процеси и активности во она што се одвива и случува во државата. Кога велам сериозна и одговорна задача мислам посебно на сегашниот развој и положба на државата и пред се на нивниот пристап кон целосно, објективно, непристрасно и навремено информирање за настани од сите области на општествениот живот. Секој друг приод и секое друго барање за било какво друго учество на новинарството освен чисто од професионалниот и објективниот приод кон прием и пренесување на информациите би бил сосема погрешен. Мораме да сфатиме дека е природен интересот и на јавноста и на медиумите и на политичките структури и на секој граѓани - за настани што се случуваат во земјата, а посебно за еден настан кој предизвикува сериозни размислувања и во земјата и во светот, во размислувањата на странските посматрачи, дали тој настан покажува или дава некои сигнали или знаци дека одредени правци во водењето на нашата внатрешна и надворешна политика можат да се променат можат да се менуваат или се менуваат. Тоа е атентатот врз претседателот на државата. Никој нема право да му смета на Министерството за внатрешни работи и на неговите служби да ја обавуваат законската функција професионално и во водењето на истрагата. Но и секој појавен интерес од страна на новинарите кои исто така сакаат трајно професионално и објективно да информираат за текот на истрагата, да се оценува

дека можат да прават деформации кои би ја кочеле истрагата. Воопшто не би требало таквите коментари да го спречуваат одвивањето на истрагата и доаѓањето до крајните резултати. Да оставиме секој крајно професионално да си ја извршува својата работа. Само така до крај ќе успееме да се отстранат сите сомневања било од каде да доаѓаат дека постојат добри и лоши новинари, а што е уште полошо обавувањето на новинарската функција да ја отстраниме и да ги отстраниме новинарите кои постојано ќе бидат присутни и со постојана задршка во информирањето за било кој настан од присутноста во нивната свест дека можат да се најдат на некоја друга лоша страна. Само така ослободени работата на новинарството воопшто и на новинарите, само нивниот пристап кон објективна и вистинита информација е она што тие треба да го бараат така да го изнесуваат, а сето тоа нека го цени оној за кого е наменет информацијата а тоа се граѓаните и преку нив државата.

За сите активности што ги презема Министерството за внатрешни работи и неговите служби, а се во согласност со Уставот и законите, секогаш ќе наидат на одобрување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Симјановски бара збор.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа, гледано сега на проблемот што се актуализира со изјавата на господинот министер и онаа еуфоричноста на настапите во јавните медиуми и од страна на колегите новинари, а и од повеќе политички партии, точна е констатацијата дека можеби и по четири месеци е пореално да се кажат одредени работи, зашто можеби е потрезвено, затоа што истите и потрезвено ќе се проучат и ако интерпелацијата не помине, т.е. министерот остане на своето министерско место, сепак искажаниот збор

од оваа говорница ќе го даде вистинскиот ефект за целокупноста во разгледувањето на одредени дејствија кои се преземаат во Министерството за внатрешни работи на република Македонија, но и пошироко за сите елементи кои ја тангираат проблематиката на внатрешната безбедност на Република Македонија од работата на Владата, работата на претседателот на државата со своите ингеренции, врз сеуште неформираната агенција за разузнавање, како и системот на парламентарна кон- трола во погоре изречената област.

Инаку самиот настап на министерот кој делуваше, барем на малите екрани, изјавата да ја даде во одреден грч и под притисок, лично јас се прашувам зошто проблематиката која ја истангира министерот, истата не ја реши на во рамките со устав и закон дадени овластувања и истовремено точно да се каже од каде пристигнуваат и се обработуваат информациите кои беа пренесени во информативниот етер од новинарското перо и зошто токму во таква сомнителна содржина. Произлегува да не се покренати, барем нема информација за тоа, дејствија да се осознае од каде доаѓаат истите. Дали во самата фаза на истрагата за атентатот, која се води во Министерството за внатрешни работи,постои одредено незадоволство -од вработените на МВР, па таквиот начин на незадоволство го користат како начин за изразување токму на тоа незадоволство. Тоа ми дава за право да констатирам дека проблемите се во самото Министерството за внатрешни работи, но тие треба да се решаваат во рамките на со Уставот и законот зацртан систем а не со изјави.

Исто така, и повекемесечното деформирање на Агенцијата за разузнавање можно е да доведува до одредени тензии меѓу вработените во Министерството за внатрешни работи, кои нормално да имаат и импликации од истите.

I/7

На крајот, системот на собраниската контрола, кој морам да кажам е приказна за себе. Имено со Законот за внатрешни работи постојниот кој е на сила, укината е постоечката служба за државна безбедност. Со тој закон е укината со закон формираната комисија за контрола на Службата за безбедност, но за жал истата сеуште функционира во ова собраниско тело, под исто име, со претседател, секретар со сите свои перформанси, што за жал дури и на ден денешен истата заседаваше. Мислам дека функционирањето на едно вакво парател во ова Собрание навистина ја дополнува оваа конфузна слика за комплетноста на оваа проблематика.

Сега резиме на сите овие настани. Значи парламентарната контрола изостана. Агенцијата за безбедност не е формирана. Работата во Министерството од каде излегуваат одредени информации е факт. И што останува за министерот освен вербално да реагира? И токму затоа сум потписник на предлогот за интерпелација, затоа што ценам дека тоа не е ниво и форма за работа на министер за внатрешни работи. Сепак, морам да кажам и за самиот министер нешто, кој лично посебно го ценам како правен стручњак, кој израснал, се школувал во градот од каде потекнвам и јас и од каде што сум и делегиран, тој предначел со идеи и размислувања уште во раните 60-ти години, кој доживувал успеси и политички падови поради тие напредни идеи, но на него повторно му дошло да го искаже крикот оваа навистина хаотична состојба во оваа област на делување на власта и системот. И кога ваков калибар на стручњак реагира на ваков начин, навистина морам да кажам дека тоа е последниот повик за промена на системот. Токму поради тој крик кон системот го давам својот глас па барем морално лично да придонесам за пробив на нови ветрови т.е. правци на нови ветрови во системот на државата.

На крајот морам да ја потврдам почитта кон институцијата интерпелација, почитот кон професорот Чокревски но и критика на постоечкиот систем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Уважен господин претседателе, уважени господа пратеници, има три крупни причини кои ми налагаат да гласам против интерпелацијата на Либералната партија, со која се бара следното. Цитирам:

"Пратеничката група на Либералната партија смета дека натамошното опстојување на министерот Чокревски на својата функција министер за внатрешни работи претставува сериозна закана за остварување и функционирање на демократијата во Република Македонија и сериозна зака* за стабилноста на државата. Со овие изјави на министерот Чокревски се газат нормите утврдени во Уставот".

Тие три причини се следните.

Прво, јас сум против принципот на монтажа, кој во случајот дна господинот Чокревски е, барем според мене очигледен.

Второ, јас правам јасна и важна разлика меѓу категоријата субјект и категоријата функција, во случајот меѓу господин Чокревски како министер на полицијата и функцијата истрага која треба да собере доволен број докази за тоа дали во дадените околности е прекршен или не е прекршен некој закон.

Трето, јас сум против практиката употреба на човек за практични цели, затоа што употребата само на еден човек легализира од една и дава легитимитет од друга страна да се употребуваат и група луѓе. Тоа пак од трета страна подразбира и употреба на цели народи заради постигање на некоја реално или на некоја утопистичка цел.

Ќе се обидам, уважени господа пратеници, по најкус можен начин да ги образложам тие три причини кои должен сум веднаш да потсетам ме обврзуваат само мене и никого друг. Сакам да кажам со тоа дека не

земам збор за да влијаам врз вас и врз вашиот став во однос на интерпелацијата на Либералната партија. Земам збор за да објаснам зошто ќе постапам така како што ќе постапам, кога е м ногу полесно и дури вообичаено да се напаѓа не еден туку секој министер на полиција според едно утврдено клише откако постои векот и светот, особено во околности кога тој практично е масакриран во јавноста.

Врз основа на што тврдам дека во случајот на господинот Чокревски станува збор за монтажа.

На 8 мај благодарение на Весникот "Дневник" дознав што заправо рекол министерот на полицијата, а дознав со посредство на новински текст. Тој текст потоа беше публикуван во неделникот "Дело", во кој беше дадена и печатена верзија од Весникот "Нова Македонија". Постојат не само стилски, туку и фактички, суштински разлики меѓу тие две верзии кои не треба да се покажуваат, а пак уште помалку да се докажуваат, затоа што се очигледни. Тие разлики ме овластуваат да кажам дека станува збор за интерпретација на изјава,а не за самата из ј ава.

Должен сум тука да кажам, не може никако да се повлече знак на еднаквост меѓу еден исказ или изјава и неговата интерпретацијата, било на изјавата, било на исказот. Тие ни оддалеку не се еднакво по значење. Ќе се обидам да ја разјаснам таа разлика на овој начин.

Ако јас тука од ова место кажам, треба да се прати Чокревски на бесилка, вие уважени господа пратеници ќе разберете дека 1) треба да се прифати интерпелацијата на либералите; 2) затоа што господин Чокревски како министер на полицијата, со тоа што рекол дека ќе покрене цитирам, "офанзива", затворен цитат, против новинарите во која ќе го користи оружјето, цитирам, "вистина", затворен цитат и се заканува, цитат од интерпелацијата "на демократијата во Република Македонија од

една и го гази - повторно цитат од интерпелацијата - нејзиниот устав од друга страна. Нема да разберете дека на просторот Македонија во Скопје веќе е поставена бесилка, а пак некој либерален џелат веќе го сапуни јажето од таа бесилка, нема да го разберете така исказот - треба да се прати Чокревски на бесилка, затоа што како пратеници многу добро знаете дека македонскиот устав не предвидува смртна казна односно дека бесењето ќе се супституира со нешто друго. Тоа што вие ќе го разберете е интерпретација на исказот "треба да се прати Чокревски на бесилка", додека пак неговото значење е тоа што сум го рекол јас овде и сега.

Од суштинска важност за секоја интерпретација е категоријата "околности" или оказионали, кои како што се гледа суштински ја менуваат вредноста односно содржината на било кој израз. Простиот пат, на кој веќе укажав, дека во весникот "Дело" прочитав две верзии на една единствена изјава ме овластува да кажам дека во тој случај станува збор за интерпретации, на една изјава, изјавата на македонскиот министер на полицијата, а не за автентично пренесена изјава.

II/1.-СП/МЛ

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Состојбата со Интерпелацијата на Либералната партија е, благо речено, драматична, а коректно речено опасна како практика работа која ме загрижува во таа Интерпелација е фактот што се наведуваат три извори "Нова Македонија", Радио "Нома" и "Вечер" кои можат да бидат интерпретации, а не искази на господинот министер.

Втора работа која ме загрижува е тоа што се спојуваат текстови од три весника и се добива текст инконтинуо, така се добива целина врз основа на три дела кои се даваат инконтинуо - доказ. Првиот пасус од изјавата на Чокревски почнува со зборовите, цитирам: "Од денес почнувам' офанзива", а завршува со зборовите цитирам: "а не само на Министерството".

Вториот пасус кој директно се лепи на првиот и за кој не се користи нов ред како што е вообичаено почнува со зборовите цитирам: "Постојат одредени политички игри" и завршува со зборовите: "да го дестабилизираат Министерството". Во една додавка на редакторите на Интерпелацијата која може да биде парафраза на исказ од Чокревски, но исто толку и оценка на самите редактори, а која гласи: "што тој го смета како атентат врз Република Македонија" без употреба на нов ред, како што е вообичаено, се лепи и трет пасус од изјавата на министерот на полицијата кој почнува со зборовите: "сакам критика од новинарите", а завршува со зборовите : "податоци за тие работи".

ога на тој начин се добива целина на некоја изјава, уважени господа пратеници, кога не се дава таа како целина, туку врз основа на делови се прави целина, иако деловите се даваат во наводници, очигледна е постапката на монтажа. Секоја монтажа се практикува за да

се постигне особено ново и посебно значење. Смислата на монтажата се состои во тоа да се произведе ново значење. Такво ново значење произведува Интерпелацијата на Либералната партија и тоа производство по секоја веројатност има свои мотиви, свои цели и своја смисла, но затоа пак или го суспендира или го фалсификува значењето од кое се монтира.

Јас не сум склон, уважени пратеници, да судам, а уште помалку да осудувам врз основа на монтажа затоа што монтажата бара монтиран процес, а целта на секој монтиран процес не е правдата, туку некоја лична практична и себична корист за тој што пристапува кон инструментот монтиран процес. Не сум склон кон монтажа и монтирање и затоа што нема исказ и нема зборови кои не можат да се монтираат така за да се прати било кој човек во било кое време и во било кој политички систем на бесилка. Една славна експликација на таа процедура, експликација на славниот бискуп и министер Ришеље ефектно кажува колку опасно и колку чудовишно оружје е монтажата. Таа експликација на бискупот и министер Ришеље гласи: Дајте ми само 10 збора од било кој човек и јас ќе го пратам на бесилка.

Втората причина е разликата меѓу категоријата субјект и категоријата функција. Кажав дека меѓу тие две категории никогаш не може да се повлекува знак на еднаквост од проста причина што може да има функција само тогаш кога има субјект иако функцијата му налага на субјектот кои се тие работи што треба да ги врши ако сака да ја исполнува таа функција и да биде добар функционер Упростено кажано субјектот има своја историја, своја биологија и своја психологија, а пак функцијата тоа го нема затоа што е просто дејство.

II/3.-

Тоа што сега Чокревски е прв полицаец сеуште не значи дека се брише неговата историја како универзитетски професор, слободоумен, разумен и толерантен човек, дека сето тоа тој просто го обесил дома на закачалка кога тргнал да станува министер на полиција. Уште помалку значи дека сега тој само ќе апси надвор од законот против законот и над законот. Кога тоа ќе го стори и ако го стори на дело, а не со закана, како што се вели во Интерпелацијата, што е исто така интерпретација на редакторите јас ќе бидам првиот човек кој ќе побара не да си поднесе оставка министерот Чокревски, туку да се самоуапси. Да се самоуапси како доказ дека постапува според начелото, тоа што го прави со другите императивно налага да го прави и со себеси. Сакам просто да кажам не е функцијата таа што го прави човекот - човек, туку човекот е тој што и дава човечност на функцијата. За да го разјаснам тоа ќе се потсетам на факти што сите добро ги знаете.

Ние имаме Претседател на Република Македонија и тој Претседател се вика господин Киро Глигоров. Тој е човек кој има своја биологија, историја, психологија, личност и приватност. Тој е човек кој и даде висок меѓународен углед на една мала земја на Балканот, а тој Балкан е, како што знаете, синоним за примитивизам, бестијалност и ѕверства од најсуров тип. Кога еден висок полити- чар на Европа кажа дека Македонија е единствената светла точка во модерниот балкански бестијариум, јас разбрав дека тој политичар, според законот, да не се фали директно со говорникот затоа што тоа ќе личи на ласкање, кажа единствена светла точка на Балканот е господин Киро Глигоров. Балканот има и други држави и други политичари кои вршат функција на претседател. Не може да се рече дека само околностите се тие кои го сториле тоа што го сториле во нивните и со нивните земји и дека тие политичари немаат никаква вина за тоа што се случува со нивните земји.

Сакам да кажам дека не е сеедно дали имате една образована разумна толерантна стрплива и кооперативна, добронамерна и мирољубива ментална структура на највисоката политичка функција или пак некоја примитивна афективна исклучува егоистичка мефистофиловска и милитантна ментал на структура на највисокото место во пирамидата на власта. Меѓутоа, сите добро знаеме, уважени господа пратеници, низ какви понижувања, омаловажувања, духовни тортури и тероризми минуваше и сеуште минува истиот тој■господин за кој светот зборува со почит и восхит и тоа како во нашите мини така и во нашите максимедиуми се разбира делумно. Знаеме низ какви понижувања помина и сеуште минува еден друг голем духовен творец на модерна Македонија покојниот академик Блаже Конески, како што господин Киро Глигоров е политички творец на модерна Македонија. Знаеме уважени господа пратеници дека тоа се случува кај нас, тоа се случува во дел од нашите медиуми и во крајна линија сите ние учествуваме во тоа кога и се препуштаме на нашата духовна тромост. Знаеме исто така дека зад тоа не стои само духовен примитивизам, дека не стои универзална психолошка страст која кај Достоевски се формулира вака: сите го сакаат и сите уживаат во падот на праведникот. Знаеме дека зад сето тоа постои сосема конкретна и сосема јасна политичка логика која логички проценува ако се елиминира субјектот на функцијата разум, толерантност, кооперативност и мироључбивост ќе се отвори можност да стапи на сцена голата сила која ќе го постигне тоа што го забрануваат разумот, толерантноста и мироључбивоста.

Кога се повикувам на таков пример не сакам да подвлечам знак на еднаквост меѓу личноста на господин Глигоров и личноста на господин Чокревски. Сакам само да покажам врз основа на што правам разлика

меѓу субјект и функција. Кога ја правам таа разлика ја имам предвид историјата и психологијата на личност со до- кажани морални вредности. Никој нема право да понижува и да масакрира јавно некоја личност од перспектива на нејзината функција и тогаш кога таа функција е полициска. Повторувам личноста е таа што ја облагородува функцијата, а не обратно. Се прави не само грешка, туку и тешка неправда кога се постава знак на еднаквост меѓу едното и другото, меѓу субјект и меѓу функција.

Третата причина која ме спречува да гласам за Интерпелацијата на Либералите ја формулирав како употреба на човек за постигање практични цели што не ја одобрувам како практика. Дали има докази дека станува збор за употреба на човек? Според мене, уважени пратеници, има. Ако се прави на пример интерпелација врз основа на интерпретации кои, се надева, дека го покажав тоа, и уште се монтираат на начин за кој, пак се надевам, дека го покажав, ако притоа се пристапува кон дисквалификација на личност, а не на нејзините постапки и дела. Ако се бара оставка на министер врз основа на интерпретации кои се монтираат за да стекнат вредност на непобитни факти само затоа што "се заканувам", а притоа од времето"на заканата",па се до овој момент додека зборувам тука нема ни еден доказ дека некоја таква "закана" изведена од интерпретации била остварена или пак докази за тоа дека се пристапило кон остварување на така дедуцираната закана, ако сето тоа така се прави со право ќе се помислува господа пратеници дека е во прашање само некоја конкретна практична политичка цел која може да има или маргинални или возвишени и благородни побуди. Со право ќе се помислува исто така дека една закана за која нема факти, а нема затоа што се произведуваат врз основа на интерпретации треба да се спречи затоа што секоја закана е намера, а секоја намера подразбира дело кое

следува. Нема да навлегувам во тоа колку ние имаме право да донесуваме судови кои подразбираат конкретни ефекти, т.е. дејства, а„во случајов ускратување доверба на министер на полиција, а колку врз основа на проверени, докажани и непобитни факти кои од друга страна сеуште не се дејства, туку намери и само намери. Ќе се ограничам само на тоа да речам никогаш под никакви околности не сум се согласувал и нема никогаш да се согласам да се употребува човек за било каква цел макар била таа највозвишена. Не сум се согласувал и нема да се согласувам затоа што човекот во скалата на животните вредности е нај високата вредност. Затоа што човекот е вредност, по себеси и за себеси. Затоа што нема повисока цел од целта човек ниту партиска, ниту државна, ниту планетарна, ниту космичка, уважени господа пратеници. Затоа што конечно човекот е тој кој ја прави полицијата и демократијата, а не полицијата и демократијата човекот. За мене и натаму господин Чокревски останува еден човек кој може да прави демократија и полиција истовремено затоа што демократијата подразбира слобода, а пак слободата во прв ред и пред се одговорност која треба да се проверува, односно контролира.

Мислам дека соопштив доволно аргументи од кои се гледа дека предложената Интерпелација во една скриена форма си постават политичка цел на која и подредува конкретен човек, а со тоа го инструментализира односно го жртвува. Кон тоа сум должен да го додадам и следното:

Вчера од оваа говорница се кажа оставката на господин Чокревски од функцијата министер на полицијата треба да биде увод во оставката на Владата како увод во распуштање на Парламентот. Значи, повторно и децидно станува збор за употреба на човек заради некоја цел која како

вредност стои повисока од вредноста човек. Штом ќе се пристапи кон таква практика човекот да се инструментализира, а пак целта да се антропоморфизира јасно е уважени господа пратеници дека стапува на сцена голата и слепа сила. Јасно е дека стапува на сцена еден суров макијавелизам кој се прогласува себеси за генерален и универзален принцип и од таа позиција оспорува секаков друг принцип. Стапува на дело логиката на господин Кирилов од "Демони" на знаменитиот Фјодор Михајлович, а таа логика вели: Бог е мртов, значи Бог не постои. Ако не постои Бог, тогаш јас сум бог. За да бидам Бог треба да се самоубијам затоа што Бог е мртов. Меѓутоа, целокупната историја на човековата цивилизација покажува нешто друго. Таа покажува дека тие кои пропагираат таква фанатична логика никогаш не се самоубиваат. Тие само повикуваат на убивање, бараат убивање и сметаат дека убивањето може да се правда со некоја цел макар таа цел била возвишена. Тие велат просто дека целта ги правда и ги оправдува сите средства. Се што можам да речам за поборниците на таквата логика е "прости им боже, тие не знаат што зборуваат, а уште помалку што може да произлезе од нивните опасни зборови". Тие веруваат дека бурата е обилна и пожелна жетва кога сеат ветер.

Ете, тоа се причините, господа пратеници, кои не ми дозволуваат да ја уважам Интерпелацијата на господата пратеници од Либералната партија. Тоа што не ја уважувам нивната Интерпелација воопшто не значи дека од сега помалку ќе ги уважувам нив ка- ко субјекти, а не како функционери.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Симјановски, процедурално.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ :**

Во еден сегмент од дискусијата на мојот почитуван колега пратеник тој децидно искажа господинот Претседател Киро Глигоров претставува духовен основоположник на модерна Македонија. Мојата, вашата и нашата држава си има со Устав зацртано и дадено име, тоа е Република Македонија. Вакви префикси навистина во ова време од ова место не би требало да се кажуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, ама ова не беше деловничка интервенција, ова беше реплика.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Мислам господине претседателе баш до вас вие требаше да реагирате да името Република Македонија од оваа говорница не се злоупотребува со вакви префикси.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Вангелов има реплика.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Сосема е во право господинот кој вели дека уставното име на Македонија е Република Македонија, меѓутоа, тој сигурно добро знае дека Република е детерминанта на именката Македонија, а секоја детерминанта тоа се учи во основно одделение е содржана во општиот поим.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

II/9.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги јас очигледно во лошо време добив збор оти по оваа инспиративна и интелектуално така да кажам добро скроен начин на излагање тешко е сега да се најде јазик и речник кој може да му парира. Но сеедно, тој е професионалец во тоа и нему му личи.

Сакав всушност за три нешта по повод оваа Интерпелација, односно оваа тема нешто да кажам.

Прво, мислам дека лично не гледам ништо лошо во тоа што и на ваков начин се отвора една расправа пред нашето Собрание затоа што и ова е едно процедурално демократско течение на работата на еден Парламент кој секој ден треба да совлада некои демократски агли на своето работење, а и влијанието на општеството да биде така. Меѓутоа, јас си дозволувам и пред вас да кажам дека малку повеќе и подолго го познавам од многумина од вас господин Чокревски и од гледна точка на неговиот научен опус, но не само од тоа, туку и од други негови работи токму во сферата на развојот на прогресивните процеси во едно уште потешко време во оваа наша средина. Мислам дека за многумина можеби и од вас не откривам ништо ново ако кажам дека господин Чокревски беше во едно време и доживеа реперкусии затоа што ја бранеше слободата на слободното искажување и слободниот збор.

III/1.- ЈМ/ЉР

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (продолжение)

Исто така, мислам дека и во ова меѓувреме неговиот и научен и публицистички и како јавна личност неговата активност укажува дека тој не може да биде човек кој што ќе води политика, или ќе ангажира сили за ограничување на слободата на граѓаните, на слободата на говорот, на изјавите итн. Ова сакав да го кажам само затоа што сакам нешто друго да кажам по повод ова. Како јас ја доживеав неговата изјава во тој момент? Јас таа негова изјава ја доживеав како негово да кажам двострано изненадување, или затеченост на функцијата на која што дојде. Од една страна јас мислев дека самиот професор како интелектуалец доаѓајќи во оваа Институција имал впечаток пред тоа веројатно дека подалеку се отидени процесите на просудувањето и реагирањето на мас медиите кај нас и дека подалечно се наоѓаат самите процеси на така да кажам истражно извидните процеси во самиот орган во кој што дошол. Јас лично таа изјава ја доживеав како негово и разочарување за состојбите и во едната и во другата сфера. И ако некој мисли дека таа изјава беше само насочена како кон новинарите нивниот погрешен приод кон еден трагичен наш голем настан во тоа време, мислам дека тоа е еднострано гледање во таа изјава. Напротив јас во неа гледам индиректно дека се наоѓа и еден вид на критиката во самата оспособеност на самата служба некои работи поефикасно и поажурно да ги изведе на одредена можна чистина за ова колку што сега имаме такви можности. Ако двете страни на таа изјава не се согледуваа тогаш се паѓа во таа, по моја оценка, грешка, за да се на еден патетичен начин напаѓа позицијата во смисла на политика на министерот за сопирање на јавниот збор, односно ограничување на просторот на дејствието на мас медиите и луѓето кои што се таму. Но да не заборавиме мое сме балканска земја,

III/2.-

како што и претходниот колега тоа го кажа дека кај нас сеуште имаме остатоци на прирепоци во мас медиите со полици и врзаност на полијата со одредени мас медии. Ние не можеме веднаш за 2-3 години да излеземе од сопствена кожа. И тие прирепоци да признаеме или не, да ги кажеме, или да не ги кажеме, тие ние ќе ги влечеме со себе. Зошто тогаш кога се кажуваат толку смета? Нека бидат поука за да тие работи се отстранат и надминат. Зошто тоа не е еден од поводите. Тоа сака како прво да кажам затоа мислам дека интерпелацијата може да има функција во развојот на демократските процеси, но мислам дека таа е преуранета и претерана во смисла на конкретните ефекти за да се оптужи конкретната личност и конкретната институција и поготово кога се работи за човек кој што неколку месеци е таму и за таква личност за која што зборував.

Во тој момент е самата состојба во еден така важен орган како што е полицијата. бидејќи се покрена тоа ќе го кажам, иако тоа можеби е вон контекстот на темата. Прашањето е следно. Каква е состојбата и какви се чекорите и потенцијалите внатрешни во самиот тој орган и надвор од него кои што треба да му помагаат и како Влада и како Собрание. Таа важна институција државна, полицијата да стане важен чинител на заштита на законот и важен чинител за заштита на граѓанинот и неговите права. Мислам дека во оваа сфера ни претстои на сите уште многу работа. Сеуште таа балканска условно речена ментална структура притиснува и во самата полиција наместо заштита на закон понекогаш некои од нивните органи да станат сами закон. Тој ментален притисок е така да кажам неминовен се додека не созреат сите демократски процеси пошироко во општеството. Меѓутоа една таква состојба нема импликации подеднакви во сите случаи и во сите структури. Мислам дека и министерот е свесен, а и ние сите, и пошироко дека сепак сеуште и во органите на полицијата останале елементи на различни стандарди при примена на истиот закон во разни ситуации.

Така на пример јас сега сакам да кажам бидејќи за тоа стана збор, ние мораме да се избориме за тоа да Полицијата како целина како важен државен орган да биде примена од сите граѓани како нивен орган, како орган во кого се сите сигурни, во чија објективност не се сомнева. Меѓутоа, за жал мора да се каже таа теза засега не може во целина да се потврди па да се каже дека таа служба во сите сегменти така и работи. Затоа би молел, јас знам, јас ова го кажувам вака затоа што не прифаќам кажувања кои што дефакто наместо да допринесат кон оној процес, тие прават такво влијание за да обратни процеси одвиваат дефакто на некој начин да ги заострат, а не да ги подобрат односите. Од таа гледна точка сакав да подвлечам дека ни останува задача тој важен орган натаму. да ни стане една така да кажам гаранција за добробит на сите, гаранција за слобода, не само за јавниот збор, туку општо за правата и интересите на сите граѓани и тоа за сите граѓани подеднакво.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри и членови на Владата,

Јас навистина ќе се обидам накратко во 4 точки да го изнесам мојот став по интерпелацијата.

Прво, мојот неодминлив впечаток по самата интерпелација па дури после, еве втор ден од расправата е дека најголем дел од поднесувачите, или вкупно поднесувачите на интерпелацијата во основа сакаат само да укажат на некои проблеми кои се постојни, кои објективно постојат во Министерството за внатрешни работи, па дури и во држа-вата во целина. Меѓутоа, мислам дека од самата интерпелација не про-излегува целосна убеденост дека постои одговорност во досегашната

работа достапна за заминување од министерската функција. Особено не за моменти кои се во дискусијата изнесени, а кои не се секако проблем на мандатот на постојниот министер, туку дека се некои стари па можеби и наследени рани од работата на Министерството за внатрешни работи кои мислам дека и самите предлагачи не се убедени дека можат условно кажано да се стават во функција на интерпелацијата на актуелниот министер.

Второ, мислам дека со исклучок на некои фолклорни елементи во расправата кои вчера ги слушнавме од одредени пратеници, меѓутоа не од донесувачите. Истата може да служи и како укажување за можностите за надминување на некои дефакто постојни проблеми во МВР и пошироко во Владата.

Трето и основно можеби како прво имам впечаток дека поднесувачите на интерпелацијата за г-динот министер Чокревски ја поднеле истата за да ја демонстрираат својата генерална несогласност иманентна на нивната политичка ориентација со оваа Влада и мислам дека е само избран моментот и дел од сегментот од Владата преку кој во овој момент би се актуализирало несогласувањето со Владата во целина. Мислам дека методот не би требало да биде таков и јас не би се согласил дека како што кажа и еден мој претходник некако врз грбот на овој министер би требало да се изнесат проблемите на несогласување многу пошироко од работата на ова Министерство, Мислам дека за такви за што се разбира дека имаме постојни разлики. несогласност постојат и други уставни механизми преку кои може да се покрене прашањето за несогласувањето со работата на оваа Влада. Ова го тврдам затоа што во самата иницијатива се користат формулаацио за интерпелацијата на еден министер, а кои мислам дека доколку се прифатат условно како такви, или како тези, тогаш може се разбира да се разговара за Владата, меѓутоа не само за еден министер па во случајов и за така важен м

министер., Ќе цитирам само она што е составен дел на интерпелацијата, застој на демократијата, опасност по слободата на говорот во РМ, опасност по загрозуваше на човековите права и се разбира една многу сериозна квалификација, опасност по стабилноста на РМ. Мислам дека доколку ова се елементи на кои предлагачите ја засноваат својата интерпелација тоа најмалку може да биде интерпелација за еден министер, тоа се елементи за интерпелација на институцијата Влада. Затоа мислам дека под точка 3 е употребен метод преку кој треба да се остварат и други цели. Не стои за самиот повод. Мој личен впечаток, се надевам нема да бидам погрешно разбран од г-динот министер дека самиот повод кој доминира во интерпелацијата е можеби една несреќна формулација на почитуваниот г.дин министер која понатаму во јавноста мислам дека е уште понесреќно протолкувана и деформирана па дури и филувана, а и малициозно разбрана. Сите ние во нашата работа повеќе или помалку во еден свој мандат кој трае со години сме изложени на броени јавни изјави од ова, говорница, пред новинари изјави. Се разбира дека секој од нас е човек и има можност во изјавата да биде непрецизен, или несреќно да ја срочи. Меѓутоа, мислам дека е тоа претерано доколку би служело за повод врз основа на тоа да се бараат елементи за застој на демократија, опасност по слобода на говор, опасност по човековите права, по стабилноста на РМ и тн., особено што во самата изјава мислам дема недостасуваат елементи за тоа повикувајќи се на она што е напишано во одговорот на г-диниот министер кој и самиот, јас не би образлагал тука, мислам дека достатно јасно елаборира како е дојдено и што произлегува од таа изјава.

Неговата досегашна кратка работа мислам како министер во МВР се разбира дека има и светли и сиви моменти. Мислам дека сепак досегашната работа нема сиви моменти кои би служеле за мое лично

изјаснување во корист на интерпелацијата со таква интерпретација и врз основа на што позитивно би се изјаснил, имајќи го предвид и она што досега го образложив. Дури ако дозволите јас би кажал дека во досегашната работа гледам и некои светли моменти кои кога се расправа за работата на еден министер генерално, иако за работа од 3-4 месеци можеби има потреба да се каже. На пример она што јас го ценам во досегашната работа ги оценувам како една од светлите точки е дефакто однесувањето на г-динот министер да се направи сериозен обид да ја сведе или да ја донесе оваа функции од аспект на јавноста онаму каде што моето лично убедување мисли дека припаѓа, а тоа е да ја извршува одговорно, но во сенка од очите на јавноста, не во сенка во негативна смисла, меѓутоа министер кој не е експониран пред очите на јавноста со кој почнуваат и завршуваат телевизиските вести, или насловните страници на дневниот печат и без голема медиска промоција во сенка ја врши својата многу одговорна работа. Мислам дека е тоа еден позитивен чекор од досегашното обавување на функцијата министер за внатрешни работи, за кој можеби треба и да се соопшти нешто во овој Парламент. Така што врз основа на ова досегашно искажано мислам дека нема доволно елементи врз основа на што јас позитивно би гласал по интерпелацијата. Мислам дека таа содржи елементи на потреба од генерално анализирање на дел од работата на оваа Влада за што мислам дека е несреќно одбрана една несреќна дадена изјава и уште повеке деформриана во јавноста изјава само за да се створи можност да се разговара. Напротив мислам дека во периодот кој претстои сеуште кај г-динот министер има можност да се дадат и други позитивни резултати кои кќе го демантираат она што дефакто во интерпелацијата сега е наведено.

III/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Наум Симјановски бара реплика на дискусијата на г-динот Вангелов.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам, малку закаснето, но после мојата дискусија ја напуштив оваа сала, па репликата на г-динот Вангелов ја пратев од ресторанот, така што немав адекватни,услови, бидејќи веднаш после него дојде друг пратеник на говорницата и јас немав можност да реагирам, а чувствувам дека треба да реагирам бидејќи тонолитетот со кој г-динот пратеник се изрази за основно одделените мислам дека ќе треба да го задржи како аргумент во објаснувањето на неговите колеги од нашиот јужен сосед, а додека за името на нашата држава било кој пратеник да го извитоперува од оваа говорница, навистина ќе реагирам. Ова не се однесува само за вас, туку и за сите пратеници.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

е си дозволам слобода да потсетам дека јас главно во своето излагање се служев со името Македонија и заради економија во искажувањето избегнував да ја употребувам детерминантата Република Македонија од проста причина. Затоа што во еден општ поим е содржана секоја детерминанта, односно придавките одат со именките, а тоа се работи кои се утврдуваат во основното училиште. Тоа го реков и признавам. Со тоа не вршам никакво извитоперување затоа што знаете тоа е еден глагол кој тешко се изговара "витоперо, витоперара" значи "изопачување" . Изопачуаање би било кога би рекол Република, а би го изоставил Макеонија, па би можело да личи во тој случај дека на извесен начин инклидирам кон речникот на нашиот јужен сосед. Ако е во прашање интонацијата, за жал денеска ми е таква и не би можел да ја сменам. Се извинувам.

III/8.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во текот на вчерашната расправа за интерпелација на министерот д-р Томислав Чокревски, пратениците либерали и нивните сојузници од партијата ПДП-А на адреса на овој министер му упатија тешки зборови. На говорницата се кажа се и сешто за оцрнување на Чокревски пред македонската јавност и создавање на некаква си клима за наводната негова неспособност да биде на чело на македонистката полиција. Мене не ме чудат дискусиите што на овој план ги рекоа некои пратеници.

IV/1/ПЈ/лј

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Ме чуди само настапот на неговите бивши студенти со кој образ во името на нивните партиски задачи можеа да му делат лекции на својот бивш професор за добро однесување со новинарите на својот професор. Како пратеник од Битола од родниот крај на министерот Чокревски долго размислував дали да земам учество во оваа расправа или не. Чекав да се искажат пратениците Либерали од Битола, кој што го потпишаа овој документ за интерпелација, а потоа да земам збор.

Најпрво, мислам дека барањето за интерпелација на министерот Чокревски, што од редовите на Либералите се бараше долго време во Собранието на Република Македонија се најде на дневен ред во едно доста тешко време за нашата Република. Во времето кога некои албански партии и разни нивни асоцијации најавија борба за дестабилизација на Македонија. На митинзите во Тетово, Гостивар и завчера на митингот во Скопје на плоштадот на столицата каде пред половина век борците за Македонија ја славеа големата победа над окупаторите и балистите, под симболот на орелот јасно и гласно се повикува на рушење на темелите на самостојна и суверена Македонија што ги удри оваа држава на чело со нејзиниот претседател Киро Глигоров, инаку, за мене, планина од мудрост и поштеност во водењето на оваа политика

Овој повик преку барањето за интерпелација на министерот Чокревски што го поднесоа либералите изгледа го прифатија и либералите сега. со отстранување на првиот човек на полицијата да се нарушат изградените стратегии на полицијата во чувањето намирот и стабилноста во државата, со што либералите и нивните сојузници од парламентот лесно Ле го остварат сонот за власт. Меѓутоа, основите на

првите со интерпелацијата и вторите со митинзите мислам дек а тешко ќе можат да се остварат. Преку барањата за интерпелација за министерот Чокревски, според мене, пратеничката група на Либералната партија има партиски планови за остварување на повеќе цели.

Прво, со плашењето за наводната загрозеност на новинарите од искажувањата на министерот Чокревски, сакаат да им се додворат на новинарите и да се претстават како нивни заштитници во овој период на промени во државата.

Второ, да добијат можност преку оваа говорница да ја покажат пред јавноста нивната загриженост за загрозената демократија во Македонија,

Трето, да ги обноват тагувањата за спорото доаѓање на нашата политика за сите вистини за атентатот на нашиот претседател Киро Глигоров. до кои, пак, ете сега, по изречените критики од страна на Чокревски кон новинарите, тие не ќе можат да чепкаат по оваа вист на. Г-до пратеници, да се бара интерпелација на еден министер, затоа што јавно изрекол некои свои размислувања за работата на некои новинари и тоа размислување да се толкува како удар на нашата демократија, и полициски страв за понатамошната работа на новинарите за полициски сопки пред нивната макотрпна работа, мислам дека е барање за интерпелација што не може да се сретне во другите европски парламенти. Тоа може да го има, како што и еве го има само во Македонија. Но, на друго место не. Но, и тоа е демократија. Ако не беше тоа барање немаше и можности за извлекување на навреди на Чокревски Без ваквата помош од Либералите не ќе можеа некои пратеници да го повикаат Чокревски, немањето меѓу своите полицајци, да се најде меѓу своите студенти.

Г-до, Чокревски е честит човек и д-р на правните науки. Неговиот придонес за развојот на правото во Македонија и придонесот на другите

негови колеги е голем и никој, освен еден пратеник не може да го оспорува. Чокревски и треба на полицијата и ќе остане за полицијата и за идните правници на полицијата. Инаку, вчера експертите на пратеничката група" на Либералната партија ни понудија дел од својата експертиза на одговорот на министерот Чокревски по повод интерпелацијата што ја побараа самите либерали. Јас мислам дека ако не беше овој одговор тие денес и вчера немаше тука да зборуваат за оваа интерпелација. таа експертиза ја слушна сета јавност , а колку ќе ја прими како здрава за готова тоа е друго прашање. Јавноста суди и нека суди. Министерот Чокревски, инаку роден Битолчанец, и голем поборник за развојот на демократијата во Македонија во овој одговор на новинарите што се почувствуваа навредени од неговата изјава им се извини. Се разбира ако се навредени само. Мислам дек а соработката со новинарите и министерот за внатрешни работи не е прекината, ако беше прекината ќе беше регистрирана во гласилата,  или пак ќе беше предмет за нова интерпелација од страна на г-дата Либерали.

Меѓу пратениците што го ставија својот потпис за интерпелација се наоѓаат како што реков и пратениците од Битола. Би било добро за Битолската јавност да кажат зошто ја бараат оваа интерпелација. Ако ме убедат дека Чокревски не е способен да раководи со полицијата јас ќе ги поддржам нивните барања за сменување од министерската функција. Ако пак се натерани да бараат смена на Чокревски од други интереси е нивна работа и тоа не го прифаќам. Јас ова барање за интерпелација на министерот Чокревски не го прифаќам. Ни од локал патриотски, па ни од партиски интереси. Туку мислам, како што мисли и цела Битола, дека Чокревски со она што го има во својата, особено во својата душа може успешно да одговори за прашања што му се поста- вени пред нашата полиција. Друго е прашањето што министерот Чокревски е битолчанец и не некои скопски кругови сега не му се бендисува еден битолчанец да

биде на врвот на Македонската политика. Г -да пратеници, мислам дека зад барањето за интерпелација на Чокревски стојат други поводи од ЈТибералите. Чокревски се црни за нешто друго што овде не сака да се каже, меѓутоа јас ќе морам да го кажам. Еве з а што станува збор. г-динот Стојан Андов како прв потписник на барањето за интерпелација и ден денес ужива невидени парламентарни багодети во оваа држава. Има во Собранието на Република Македонија свој современ кабинет, секретарка на кабинетот, има државна репрезентација, има на располагаше државна кола и државен возач. сигурно г-да пратеници нема уште 'полициско обезбедување. Нема полиција да го штити . Ете затоа Чокревски е виновен за тоа што денеска е предмет на оваа расправа. Со кои прописи г-до пратеници Г-динот Анодов ги кросити овие благодети и до кога ќе ги користи. Кој му ги дал тие права.

Г-до пратеници, на крајот на краиштата во оваа невидена сиромаштија на државата дали можат да се случуваат вакви работи. Дали може бившиот претседател на Собранието на Македонија да користи такви благодети од државата, на која од кога е разрешен од функцијата, претседател на Собранието на РМ, фрла со дрвја и камења. Каде се г-дата новинари што се погодени од изјавата на г-динот министер Томислав Чокревски да ја откријат оваа вистина и да кажат дека не е време за вакви деформации во нашата држава.

Либералите постојано ја оплакуваат нашата сиромаштија, а еве како работат тие против оваа сиромаштија. Вчера се расправавме за откупот на доматите и пченицата и бараме да му се помогне на земјоделците со некој денар. Се рече дека нема пари. Од каде ќе има пари кога гледаме како се работи во нашава држава. Повторно сметам дека ова што го кажав што г-динот С. Андов треба што побргу да се одржи. Не е време во ова Собрание да се држат разни кабинети. Како пратеник би побарал и јас да имам таков кабинет, да ги примам селаните

од моето подрачје и јас да им делам на нив демократија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, г-да министри,

Навистина немав голема намера да излезам по оваа точка да кажам неколку збора, меѓутоа, инспириран сум од одредени зборови на дискутантите кои што дискутираат, било за интерпелацијата, било за интерпретацијата. И заради тоа се јавив вака да кажам и свое мислење. би рекол дека ние пртениците сме одбрани луѓе. Дали секој може да биде пратеник. Да, може. Таму ќе му опнеме 5 илјади тони брашно на сиромаштијата ќе ги земеме гласовите и ќе дојдеме овде. Ама овде авторитетот си го прави самиот човек. Не може ако дал 5 илјади кила брашно, па тука да му биде авторитетот голем. Овде сам ќе го прави својот авторитет, на оваа говорница во ова Собранието. По комисии итн., по своите мислења. Заради тоа сакам пак да кажам нешто тоа што го кажав пред малку. Нути сега, ниту да поминат не знам колку години јас нема да се сложам со она со што се нагрбува овој наш г-дин Чокревски, и една група луѓе околу него не се тие тука, некои се сеуште живи, некои не се живи. Бидејќи во тоа време и јас сум живеал, сум работел, сум творел и сум бил овде. Тука во парламентот. Е, сега новинарите разбрале вака или онака, па ние имаме во земјава фала богу и економисти, да не кажам за новинарите ништо, опростете ми, и така ме критикувате, терајте како што знаете, се се тоа квази, квази, па и тука слушаме квази и дискусии, на квази голем! политичари итн., Воопшто не сме свесни во каква се ситуација се наоѓа, изгледа не сме свесни во каква ситуација се наоѓаме ние како Македонија. Интересно е, да се прошета малку во соседството, да кажеме во Албанија, во Бугарија да кажеме во другите социјалистички земји и да ви кажам најискрено покрај

информациите на УНПРЕДЕП, бидејќи почесто не вика одговорниот и кој што се застапени во парламентот и кои што несе на работен ручек и со работен ручек перфектно има информации за се. Богами тие демократски процеси и развојот на демократијата кај нас е многу, многу понапредна од сите други пост комунистички земји. во Бугарија штом излезе човек не може да се врат! назад. Ако оди за Турска. Уште на граница турците му кажуваат да се пазат. Тоа е тоа. Секој на пат може да застане и не знам како се викаат тие алати пред мене во шума ќе те соблечат гол и ќе те утепаат и ќе ги земат парите. Па и тоа е демократија. ДА се разбереме. Каква демократија ѓавол да ја носи. Па, дури има и други муабети има пофалби од претставниците на ОБСЕ. И таму на разговор и некни мислам дека и други претседатели на партија ги примија, и јас ги примив. Шефот на Мисијата на ОБСЕ. Не мислат лошо, меѓутоа, ни укажуваат и од УНПРЕДЕП и од ОБСЕ дека изгледа не смее баш на тоа ниво на кое очекуваат да бидеме. Сега, некој ќе рече баш ми е гајле што тие мислат, Дојдоа и не окупираа овде. Но, тие не не окупираа, дојдоа дан и помогнат за да се сочува мирот, за што вие знаете дека уште од 1990 година, 1991 и 1992 година со какви се маки се среќававме овде. Едни влечеа накај братучедите, други влечеа кај другите братучеди, трети на кај север, а југот се знае на каде влечеше. Со триста маки го создадовме оној мир нашите граѓани да спијат во мир. добро, во парламентот немаше опозиција, сега има опозиција. Бевте заедно. За тој перфектен човек, за г-динот Киро Глигоров за кого јас немам зборови како да се изразам, се слушаме многу често, еден граѓанин пред 10 дена по има Саип Реџепов од Кочани, лична карта број итн, ул. и број, јас и колегата Амди излегуваме надвор околу 2,5 часот во голема жештина, а странки неброени идат заради упис по школи, на факултети итн., кога почна човекот, веројатно овој е ром, а се прави

турчин, вели ти ли си Фаик Абди. Јас велам, да, јас сум, повелете, кога почна да пцуе, тој Киро Глигоров, мајка, шајка, сестра, живи, мртви итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам,

**ФАИК АБДИ:**

Амди влезе во кола и излезе и вели што правиш, па и на тебе Фаик Абди, ми направивте тоа, ми направивте ова, а нашите двајца полицајци таму што седат излегоа многу демократични, голема демократија. Ги викнавме и Иишто. Добро, внатрешна служба малку реагираше и го однесоа во полициска станица. Та, сакам да кажам дека се наоѓаме во една критична ситуација, ама таа критична ситуација ние ја правиме. Кога ќе дојде редот да зборуваме овде за ромите повратници од Северна Рајна Вествалија, јас пак ќе го спомнам овој случај а имам напишано и материјал. Не е така лесно, како што се гледа. Заради тоа настануваат еве вакви работи и од ситно нешто настанува голема работа .Добро е што имаме право да пишуваме интерпелации за министри, и за цела Влада како треба. Но,даваме еден лош пример, бидејќи ние сеуште не сме здрави за ова. Дали воопшто мислите на тоа. Дали меѓу редови читате, не сме здрави ние. Сеуште сме не велам од психологијата, сеуште ние имаме како држава нестабилност во многу сегменти почнувајќи да не кажани од каде, па до каде. Сега, употребувајќи пет збора на еден функционер, кој што во никој случај не верувам дека токму тоа го мислеле, читај како што зборуваш , зборувај како што читаш, еве квази толкувањето на тоа е многу лоша работа и дадовме за пример на луѓе тие да понираат без ни трунка, можеби луѓето си се во право, меѓутоа, дали тоа може на друг начин да се каже за да може и сите ние што сме овде да разбереме дека, употреба на дипломатија,употреба на нешто што се вика човечност и да седнеме да разговараме. Тоа да го направиме на маса,ако треба после ќе седмене на земја, а не да имаме

гужви итн. Значи, од една работа употребена е некоја поголема работа. Јас не сум против тие дискутанти

V/1 JJ/ЛБ

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

Сигурно нешто ги боли. Но тоа не се решава така како што се постапува. Сигурно немаат шлиф или ќе зборувам за да ги задоволам моите што ме избраа. Не е тоа. Јас денеска станав да зборувам не затоа што ме избраа моите. Па, моите четири години ме анатемисаа, Фаик Абди не зборува за ромите воопшто. Што да зборувам, нема потреба да зборувам, и тоа што овде се спасивме од војна, па ќе зборуваме, имаме Влада, имаме министри, имаме разбирање меѓу нас. Пред се ќе се разбереме како луѓе и како функционери. Не би сакал да повторувам за ова што го имам овде напишано пред саат ипол време, веќе доста од тоа луѓето кажаа и јас мислам дека Интерпелацијата е базирана врз разни побуди и разни интерпретации, треба да се тргне настрана и ова Собрание да оди понатаму со работа за остварување на неговата основна цел , Законодавната, или пак ова се користи за септември октомври кога не чекаат локалните избори  па ќе направиме еден голем смут за да добиеме нешто, да освоиме некоја општина таму на локалните избори. И дали тоа ќе ни свети или нема да ни се свети, но сето тоа после ќе ни се свети сигурно. Имаме сознание за одредени општини кои што сите средства во текот на овие две-три години што се употребени само за изборите. Тоа се пари. Тоа значи она што го кажав едно време кога пак ме анатемисаа одредени квази политичари, затоа што не го познаваат тој термин добро, овој "копук", овој овде скинат, ама не можам да го сошијам стомакот. Зборев за сиромаштијата не за друго нешто. Значи пак имаме, ние нашата партија нешто добиено како податоци ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дајте зборувајте за темата.

V/2

**ФАИК АБДИ:**

Околу оваа тема за да се фрлиме на расчистување на одредени работи, а не на работи кои може и на прием кај министерот и кај одредени други луѓе да се разбереме и веројатно, да речам ќе дојдат подобри денови, но не сега. И од надвор не гледаат малку поинаку а стопанствениците знаат. Тие знаат што не очекува, а и народот знае. И мојот последен збор е ова - не прифаќам никаква Интерпелација. Времето не е за такви од тој сој Интерпелации, а поготово на министерот на полицијата, иако некој полицаец не знам што направил некаде еве одговорен е Чокревски, и веднаш ќе бараме да даде оставка. Немојте така. Сигурно дека има нешто што треба да се среди но за тоа да му дадеме време на г-динот Чокревски да го среди она што треба да се среди и мислам дека таму има што да се среди, има разни карактери, разни типови луѓе. Сигурно тој ќе има многу повеќе работа отколку ние мислиме и веројатно еден ден ќе имаме убаво средена демократска држава, но се во рамките со законот за да знае секој што може да прави што не омже, што смее што не смее.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претресдателе, почитувани пратеници , мислам тие кои што му порачале на г-донот Тантаров ова да ги искаже тука и сигурно му го напишале нашле многу лош експонент за сопственото откривање на јавно сочелување со аргументите кои по повод Интерпелацијата ги застапуваа овде пратеничката група на Либералната Партија.

Второ, јас лично ако сум обичен пратеник, во никој случај не би се прифатил да ме брани и тоа би било за мене голема антиреклама еден Велимир Тантаров.

Трето, јас сум еден од студентите на г-дин Чокревски, но она што е содржина на Интерпелација, таква содржина на професор- ско предавање и други форми на настава ние како студенти не чувме за време на студирањето од сегашниот актуелен министер Чокревски.

Четврто, она што е повикување на битолското потекло, сите ние од некаде потекнуваме. Мене на пример Битола многу ми се бендисува како град, или како најубав град, меѓутоа тоа не значи дека ете не треба тоа што ни е служба овде да го вршиме и да се повикуваме на некои локалистички симпатии и одредени работи како реалност да ги замижуваме.

Критиките на адреса на екс-претседателот на Собранието Стојан Андов, мислам дека се уште една потврда на она што ние и во Интерпелацијата суштински го загатнуваме, а тоа е методот на закани, методот на заканување и претење ете таа фамозна несреќа на Македонија од 59 пратеници на СДС , мисли дека може да направи се , како и настапот за новинарите од г-динот Чокревски, исто и од нарачателите, дали тоа се викаат координатори или шефови на пратеничка група на СДС, е со ситиот ефект на работа, значи ја потврдува вистината на она што ние во Интерпелацијата како метод го осудуваме. Запаметете, брана и одбрана на Стојан Андов е Стојан Андов. А што се однесува до колегата кој ете си даде еден излет и право тоа да го коментира, се работи , за што се повикуваше на сиромаштија на државата, јас мислам дека повеќе се работи за сиромаштија во неговото вршење на функцијата т.е. пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се јавува г-динот Тантаров за реплика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Ме чуди, како во мојата дискусија во која сакав да кажам и јас една вистина за работата на министерот Чокревски и да кажам една друга

вистина, тоа што е случај со таканаречени приватни кабинети на државна сметка, што даде одговор еден пратеник Панче Минов, а има прекрасни пратеници во оваа сала од либералите. Нема што, Панче Минов наброја пет точки како реплика на мојата дискусија јас би сакал во репликата на либералите да кажат дали на- вистина е точно тоа што јас денеска го кажав на оваа говорница дека г-динот Стојан Андов во ова тешко време, во оваа сиромаштија ги користи овие благодети.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, само момент јас имам обврска да кажам дека г-динот Стојан Андов не користи приватен кабинет. Тоа е кабинет во Собранието на РМ и тој му е доделен на користење од одговорните луѓе во Собранието. Тој факт да го имате предвид.

За реплика се јавува г-дин Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас ви благодарам што дел од мојот одговор сами го кажавте, а од кого е повторно реплика не заслужува. Само сакам да кажам дека имам една забелешка до претседавачот кога се зборува овде за некои измислени сојузи на либералите со ПДПА, треба да се реагира бидејќи тоа не е реално, не е вистина, зашто ако е тоа вистина треба да е регулирано според деловникот и во официјалните собраниски процедури кои и вие како претседател ги знаете и треба да ги насочувате. Инаку коалиција постои меѓу СДС и ПДП и тука тоа се вршителите на власта , а ние уште во формирањето на таа Влада кажавме дека меѓу редовите на ПДП има и промотори и на Илирида и на таков наречениот тетовскиот универзитет што не е тајна. Ова само едно упатување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ако реагирам на дискусиите на најголем број пратеници што овде излегоа, ќе требаше само јас и вие да разговараме а не да дискутирате пред Собранието.

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата јас најкратко би сакал да се осврнам на Итнтерпелацијата. Меѓутоа претходно би сакал само како една забелешка до претседавачот, г-дин Петковски да кажам дека сепак претседателот Петковски требаше да ги санкционира одредени изјави на определени дискутанти претходно, посебно некои даваа дијагноза за нашата здравствена состојба и тн. Мислам дека тоа не е начин и однесување на пратеници во овој Парламент и сметам дека требаше да ги санкционира посебно нападите кон личности кои се докажани на нашиот политички живот.

Прво би сакал да кажам дека со оваа Интерпелација многу од дискутантите очигледно или намерно или случајно ги мешаат работите. Имено голем дел од тие дискусии барем беа насочени да докаже дека ние како либерали односно како потписници на оваа Интерпелација сакаме да ја девалвираме личноста на г-динот Чокревски, што е посебно погрешно. Нашата намера не е да го девалвираме човекот од аспект на неговиот научен опус, од аспект на неговото минато и како професор, од аспект на она што го дал во нашата научна област или како претседател на Форумот за заштита на човековите права. Нашата намера е да на функцијата што ја зазема г-динот Чокревски министер на полицијата, политичка личност поставена од политичка партија, да реагираме на изјава која што не е во кодексот на однесување на еден министер , во кодексот на однесување на еден политичар, во кодексот на однесување на една личност, политичка која што е поставена од една политичка партија, независно која е таа партија. Јас би рекол дека во сите демократски земји постои кодекс на однесување на функционери политичари на јавни функции, посебно на министри и тн.

Да не кажуваме случај кога функционери политичари кога падна еден авион при авионска несреќа, министерот за сообраќај автоматски поднесува оставка. Во Јапонија при закаснување на одредени возови се поднесува оставка министерот за сообраќај итн. Значи постои еден кодекс на однесување како треба на дадена функција во одредена ситуација да се однесува еден министер.

Во случајов оваа изјава дали е дадена во една ситуација при одредено расположение, тоа не е битно дека во случајов, барем ова пет годишно постоење на нашава држава во овие нови состојби на парламентарни Партии, очигледно дека ваков начин на изјави не сме имале од еден министер јавно да ги нападне јавните медиуми односно ја нападне институцијата новинар. Јасно беше кажано во изјавата дека г-динот Чокревски кажа дека постојат одредени криминални досиеја за одредени новинари, дека постојат формални бракови или неформални на одредени новинари со партиите и тн. Меѓутоа за овие четири месеци ние не видовме никаква изјава од негова страна кои се тие новинари што се во таква состојба, во такви формални и неформални врски со партиите, кои се тие новинари за кои има досиеја. Навистина, не видовме никако резултат на таквите изјави. Во една земја како нашава која што навистина е под присмотра на Советот на Европа и на сите институции кои што со внимание гои следат нашиот демократски развој , постојат извештаи во ОН, постојат извештаи за човековите права и од г-ѓата Рен, Хелсиншкиот Парламент и извештаи кои што навистина со големо внимание го следат нашиот демократски развој на нашата држава. Сметам дека една ваква изјава навистина придонесе да се влоши состојбата од тој аспект спрема сите тие асоцијации надвор кој го следат нашиот демократски развој.

И не би должел , би рекол дека од тој аспект на кодексот на однесување и веројатно воспоставување на некакви кодекси што се блиски на сите земји со демократски развој, би било логично и природно после ваква изјава министерот сам да си поднесе оставка без да се повикува на некакви интерпелации. Не беше, сигурно и премиерот на Владата да даде и своја изјава во однос на ова и сметам дека со еден ваков кодекс на однесување треба и мора да се воспостават некои правила на игра што ќе бидат важечки за нашата држава понатаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само нешто г-дине Соколовски, верувам дека ќе се согласите дека јас сум сепак претседател на Собранието не претседавач. А што се однесува до навредата, г-динот Фаик Абди тоа го употреби во прво лице.

Има збор г-динот Крстевски. (не е тука)

Г-динот Коцевски (не е тука)

Има збор г-динот Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван г-дин претседателе, министри и колеги пратеници, од многу дискусии овде излезе дека ние овде на оваа денешна седница анализираме одредена личност. Целта на интерпелацијата не е да анализираме личност, туку да анализираме искажани зборови од страна на таа личност како министер, како политичка личност. И токму тоа требаше да ни биде целта, а не дали одредената личност има одредени заслуги на полето на науката, на полето на културната и јавната функција. Токму тоа беа изречените зборови кои што беа изречени такви какви што се и какви што впрочем медиумите ги о јавија во весниците и имавме прилика сите да ги прочитаме. Во тоа време немаше ниту еден

новинар кој не реагираше на ваквите зборови , дури се сеќавам дека и група новинари излегоа од здружението на новинарите заради тоа што Здружението не реагираше на ваквите изречени зборови. Според тоа сите теории дали тие зборови биле кажани вака или онака, или дека пак во некој весник поинаку биле протолкувани и кажани, мислам дека не е ниту место ниту време да зборуваме, затоа што тие беа јасно искажани и сите имавме можност да ги пропитаме во весниците.

Според тоа, нашата цел , на оваа говорница мислам дека многу од говорниците изразија и истурија еден гнев врз своите политички, така да кажам противници, употребувајќи при тоа некои аргументи и зборови кои што навистина не доликуваат на нас и на работата на овој Парламент. Дури и дискусијата на г-динот Вангелов мене навистина ми се допадна и јас ќе бидам лишен од едно големо задоволство ако неговите дискусии во иднина не траат барем по два часа. Беше речено дека ние преку нашата интерпелација спрема г-динот поднесена за работата на министерот Чокревски сакаме да оствариме одреден личен интерес. Јас навистина не гледам, еве и јас сум ја потпишал интерпелацијата, меѓутоа личен интерес не гледам оти сум сигурен дека евентуално на негово место јас не можам да дојдам туку сигурно пак ќе дојде претставник од истата партија. Спрема тоа повторно ќе биде интересот на истата партија а личен интерес сигурно нема да има никој од ЈТП. Интересот наш е само во случајот на изјавата на г-динот Чокревски утре можеби на некој друг, е само да се бориме и да ги развиваме демократските процеси во РМ и никаков друг интерес нема поднесената Интерпелација. Или дека на плоштадот се готвела бесилка на која џелатот случајно или не бил либерал. Бил либерален џелат, меѓутоа сигурно и оној што ги изрече тие зборови, сите ние ќе се согласиме дека секој демократски

ориентиран човек треба да биде џелат на се она што е недемократско, па во таа смисла ако е борбата за демократија и демократски процеси ништо не ми пречи џелатот да биде либерал.

Друго е што некоја господа сакаат да се прави онака како што ним им е волја, а за тоа да се молчи и дека најголем пријател на РМ и воопшто на сите е оној кој што молчи, а не оној кој што укажува и кој што зборува за одредени неправилности. Очигледно во тие дискусии е присутно извитоперување на фактите и секој си ги прави фактите и си ги прикажува состојбите онака како што нему му одговара.

**ЉУПЧО МЕШКОВ: (**Продолжение)

Ние на оваа седница не баравме интерпелација на г-динот Глигоров затоа што тој кај нас исто ужива респект , како што веројатно и кај Вас ужива. Но, ние укажуваме дека она што до сега ништо не знаеме во врска со истрагата, дека веројатно е доволно голема причина да се земе некој на одговорност . Или, ако тоа не е, јас незнам што друго би можело да биде. Според тоа и употребата на неговото име во тој контекст дека истрагата и, како што понатаму на дневен ред ќе видиме во Информацијата дека нема никакви резултати. Наша оценка е, ние сметаме дека тоа е некаква причина за земање на одговорност. Јас не знам, навистина за каква монтажа се зборува. Во нашите дискусии ниту има монтажа, не знам за каква монтажа, затоа што, како што и прво реков немаше во земја та новинар кој не реагираше на искажаните зборови од г-динот Чокревски Или пак можеби некој смета дека новинарите кога тогаш пишувале биле во заблуда и напишале нешто што г-динот Чокревски не го рекол.

Ова, уште еднаш, фактички докажува дека и сега Вие со ваши- те искажувања се сомневаат во пишувањето на новинарите, оти тие напиша онака како што беше речено. Не напишаа никако поинаку. Според тоа, не се работи за никаква монтажа или за нешто друго, туку се работи за она како што беше кажано и напишано во весниците.

Најпосле, не знам зошто се впуштаме во тоа што г-динот министер сакал да каже или не сакал да каже или што мислел да каже и каква намера имал со тоа што го кажал. Министерот доволно е сериозен и умен човек да може сам да објасни што сакал да каже и веројатно тоа ќе го стори. Меѓутоа, за мене лично, повеќе од сигурно е дека иреченот и кажано од негова страна не е ниту наивно, ниту безазлено.

Благодарам.

VI/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Јас своето право за дискусија ќе си го задржам за подоцна доколку проценам дека треба да настапам. Сега ја користам приликата само да одреагирам на дел од дискусиите што претходно беа изречени од оваа говорница, но при тоа апелирам да не ја вжештуваме атмосферата. Да останеме присебни и да разговараме со факти и со аргументи, а не со давање произволни оценки и квалификации за политички партии или личности. Впрочем, ние треба овде да држиме до дигнитетот на секој пратеник кој е народен избраник, без разлика дали е од ПДПА, од ЛП или СДС. За него гласале граѓани на РМ лојални граѓани на оваа држава и не можеме на таков начин да се однесуваме спрема дел од пратениците. Ние можеме едноставно да не се согласуваме со нивните политички убедувања. Меѓутоа, не можеме со навредлив начин да кажуваме либералите и нивните сојузници од ПДПА, затоа што во суштината на тој збор стои една етикета и квалификација дека ние, ете, сојузираме со некои опасни, неподобни елементи. А, ако тие се такви, во нашава држава постојат јавни обвинителства, постојат судови и т.н. има органи кои треба да покренат постапка.

Меѓутоа, тоа г-динот Тантаров го направи за да фрли флека на сето тоа што ние сакаме да го постигнеме со интерпелацијата на работата на министерот за внатрешни работи. Од тие причини јас и вчера побарав после дискусијата на Руфи Османи да се прекине седницата за да не падне во сенка тоа што ние го зборуваме наспроти тоа за што се залагаат пратениците од партијата за Демократски просперитет на албанците. Меѓутоа, ќе го потсетам и г-динот Тантаров, затоа што уверен сум дека на граѓаните на РМ им е тоа сосем јасно

какови се ставовите ЛП во врска со Универзитетот со настава на албански јазик во Тетово, јасно им е на граѓаните дека тоа беше главната причина поради која пратеничката група на ЛП не гласаше за избор на Влада на РМ уште на првата седница на овој Парламент кога беше тоа на дневен ред, затоа п во составот на таа Влада беше предложен министер кој е еден од потписниците на актот за основање на универзитетот во Тетово.

Би Ве потсетил дека Вие сте во коалиција со дел од луѓето од тие партии кои седат и во сенатите и вопропректорските кабинети, а не сме ние тие. Мислам дек ана граѓаните на РМ им е многу јасен став на ЛП наспроти ставот и односот на Вашата партија кон тоа прашање.

Што се однесува до вториот дел што сакам да реагирам, мислам дека нема место за замерки на г-динот Вељо Тантаров. Неговиот при тап е потполно комунистички и нема ништо тука трагично затоа што кому низмот си е некоја идеологија. Тоа, колку некој успеал да се трансфомира или не, да осознае одредени работи или не, да собере информации како некои работи се регулирани во светот или не е негов проблем...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски, јас се извинувам што Ве прекинувам Вие сами на почетокот рековте дека треба да го чуваме дигнитетот.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Па јас го чувам. Велам дека е тоа комунистичка идеологија

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

А на кој начин го чувате дигнитетот?

Продолжете.

VI/4.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Па, комунистичката идеологија си е легална идеологија во светот. Не е ништо погрдно. Јас не го навредувам со тоа. Едноставно кажувам дека неговиот пристап е таков. А, тоа ќе го аргументирам со следното.

Ако не знае, г-динот Вељо Тантаров да му кажам, а тоа вела го знаат и г-динот Тито Петковски иценетите министри кои седат тука дека шефот на опозицијата во Обединетото Кралство Англија е шеф на нејзиното Височество кралицата и дека ги ужива сите привилегии и бенефиции што ги уживаат и луѓето кои се на власт. Значи , прима плата како шеф на опозиција, има кабинети, резиденции , автомобили.

Вие сакавте со вешти конструкции на тоа што го кажавте на обичниот граѓанин да му докажете дека г-динот Андов врши некакви злоупотреби вршејќи ги тие функции. Во секоја демократска, повеќе партии ка држава тоа е сосема нормално.

Само толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сум должен да кажам г-дине Коцевски дека Вие бевте отсутен . Јас интервенирав на тој дел и кажав дека г-динот Андов не ја узурпирал канцеларијата , него му е доделена токму заради овие причини што Вие говорите , како шеф на опозицијата.

Патем речено, меѓу нашата парламентарна традиција и англиската има една мала ситница што ги разликува, само 195 години парламентарна традиција во корист на Англија. Ништо друго.

Г-дин Тантаров реплика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Една искажана вистина тешко ги погоди пратениците до другата страна.

Инаку, г-дине Коцевски за ваше сознание јас никогаш не сум бил комунист и ако сум бил нема да се срамам што сум бил. А, тоа, што Вие се срамите сега и врз основа на комунистите сакате да прилепите некои етикети е ваше право. Меѓутоа, јавноста треба да знае дека Вие бевте долго време во тој строј комунистички. Вие бевте долго време во Кумровец да ги учите тие идеологии на комунистот, и сега, еве сте против тој комунизам.

Понатаму нема да реплицирам на се она што ќе зборуваат господата од оваа страна на Парламентот, бидејќи тоа што го кажав го кажав и стојам зад тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Вангелов, реплика.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Јас кажав дека диспозитивот на Интерпелацијата е составена од три цитати публикувани во три јавни медиуми, "Вечер", "Нова Македонија" и Радио-Скопје. Сите тие три објавени цитати не се знае дали се целовити или пак детализирани. При што постои можност да се одбере оно детаљ од објавениот текст што одговара во дадениот момент на оној кој пишува извесен текст. Тоа е еден момент.

Втор момент, сите три цитати се дадени "ин континуа" иако се дадени со наводници, па функционираат како целовит текст.

Натаму, ја немаме основната фактичка изјава во целост од г-динот министер, што не е тешко да се направи и потребно е да се направи. Тоа

е според мене доволен критериум да се утврди дека се работи за монтажа. Доколку има друг критериум г-динот Мешковски би можел да го изложи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Коцевски реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас, ниту го навредив г-динот Тантаров, ниту сакам да го навредам. Единствено кажав дека тоа за што тој се залага е својствено и е одлика на комунистички идеологии. Ништо повеќе од тоа. А, комунизмот како идеологија си постои , постои и функционира и сега на многу простори во светот. нема од што да се навредувате. воопшто не го сфаќајте тоа како навреда.

Не би навлегувал со Вас во полемика, јас не се срамам од своето минато, единствено сакам да Ви кажам дека никогаш не сум бил во Кумровец.

А, што се однесува до другите работи, би сакал да ја насочиме работата да разговараме со факти. Вие сакате да негирате дека изјавата на министерот Чокревски како факт постои. Таа изјава е дадена. За информација на г-динот Вангелов не се работи за погрешна интерпретација на тоа што напишале дневните весници во Македонија. Ние се потрудивме од касета да ја симнеме изворно изјавата на г-динот Чокревски благодарение на љубезност ана новинарите од Радио "НОМА" што значи дек< воопшто не се работи, да Ве разуверам , за произволи толкувања, туку сакам да Ве уверам дека ја имавме интегрално целата изјава од г-динот Чокревски дадена по тој повод.

Исто така, факт е дека не го обвинуваме ние г-динот Чокревски за осуда за вербален деликт, како што Вие сакавте да го кажете, туку кажуваме дека г-динот Чокревски им се закани на новинарите за јавно изречен збор со методите на вербален деликт. Тука постои огромна разлиак меѓу тоа што ние го кажуваме и тоа што јавно го изрече, односно се закани преку своите изјави и зборови г-динот Чокревски.

Исто така факт е дека пред неколку дена на новинарската од Радио-Скопје односно од Македонското радио која веројатно го испровоцира сето ова што се случува со нејзиниот текст објавен во пладневниот радио весник на Македонското радио и беше одземен касетофонот на граничниот премин Табановце.

Исто, факт е и тоа дека се случуваат чудни кадровски промени во делот на јавните гласила во Република Македонија...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине, Коцевски, се извинувам, Вие имавте реплика, Ви помина времето.

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ.**

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани колеги, почитувани министри. Тоа е чудно што јас се јавувам, чудно е заради тоа што си ветив дека нема да се јавам. Меѓутоа, денеска сфатив дека по дискусиите морам да се оградам од некои работи кои беа тука речени.

Јас сум, г-дине министре, потписник на интерпелацијата..Ја потпишав без притисок и мислам дека сакав со тоа да искажам еден револт, револт уште поголем што тие закани што дојдоа кон јавноста дојдоа од Вас, како проверен либерал во едно време, а сега министер за внатрешни работи.

Многу дискусии бараа или инсистираа на тоа дека некои работи се оттргнати од некои изјави. Меѓутоа, факт е дека тоа Вие го рековте, "главом и брадом" пред премиерот , ние не сме во некој среден век каде што беше спомнато дека бискупите суделе, а некои со пера од кокошка запишувале. Ние имаме трака, јавноста тоа го чу преку медиите, според тоа таа теза дека нешто е оттргнато мислам дека не држи бидејќи живееме во време каде можеме да репродуцираме некој факт што е снимен.

Друго, исто така сакам да кажам дека застрашувачки делува Вашата изјава и тоа е еден вид закана. Закана спрема сите оние кои сакаат да кажат, нешто да напишат и мислам дека оценката е тука. И делот во нашата интерпелација, јас тој дел го поддржувам. Значи, тоа е за мене најглавниот дел.

Е сега, Вие малку време имате во својата работа да практицирате како министер аз внатрешни работи. Се согласувам дека во својата работа од 3-4 месеци не сте направиле некоја грешка што би била толку катастрофална за да бараме ние од Вас сменување.

Меѓутоа, јас инсистирам и мислам дека првата точка, моралниот дел, морам да укажам и ова е некој пример и повод за сите останат? сегашни и идни министри дека министерот е многу важна личност и многу одговорна личност. Треба одговорност и при вршење на функциите и одговорност надвор од работното место, надвор од функцијата. Значи, моралниот кодекс на секој министер мора да биде на многу високо ниво. И самиот факт што тоа е кажано така повлекува една оставка, повлекува размислување за оставка.

Беа кажани некои аргументи во прилог на тоа дека некои министри во светот даваат оставки за многу бизарни работи, за некои работи што за нас се чудни. Вие тоа го направивте и во Вашето обраќање, во

Вашето мислење за Вашата интерпелација во еден дел рековте дека тоа не го направивте во службениот дел, туку е тоа некоја искажана мисла што не треба така да се санкционира.

Имаме пример во Англија еден министер си даде оставка затоа што спиел со една дама, една проститутка и тоа не го правеше на работното место го правеше во еден стан. И, за него интерпелација не направи Британскиот парламент , туку тој самиот си даде оставка.

Сакам со тоа да укажам колку е голема одговорноста на секс вршител најавна функција , не само на министер, туку на сите луѓе во државната администрација.

На крајот, јас би се осврнал на некои изјави тука кои имам впечаток како да бараат интерпелација од г-динот Стојан Андов. Мислам, таков начин да се менува темата е сосема не наместо и тоа покажува колку ја промашуваме темата. Да бидам малку сликовит, г-дин Тантаров кога ќе ја одведе девојката во парк, место да и прави некои работи кои треба да ги прави и рецитира стихови од Достоевски. Според тоа, мислам дека темата ја згреши и јас молам, не разговаравме за интерпелација а Стојан Андов и за користењето.

Мислам дека сите ние со своите дискусии треба да придонесе да го браниме дигнитетот на тој Парламент, а министрите и претседателот на Владата да го чуваат дигнитетот на државата.

Толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Вангелов, реплика.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Бидејќи она што го говорев јас на тема факт и интерпретација постои во стенографирана форма, нема никаква потреба сега да го повторувам, меѓутоа сакам да назначам дека постои групна разлика меѓу интерпретација и исказ како факт. Што е едното, тоа е веќе прашање на логиката на катедра за филозофија.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Годпосине претседателе, јас навистина немав намера да учествувам во дискусијата за интерпелацијата затоа што претпоставував и мислев дека се работи за една изјава од министерот за внатрешни работи после која имаше доста реагирања од новинарите и доста му беше.

Исто така, сведоци сме на едно негово извинување што како академик и професор и го направи.

Друго е тоа што уставно право е и Либералната партија поднесе интерпелација и во таа интерпелација исто така се повикуваат на текстот на презентираната изјава. Меѓутоа мораме да се сложиме сите дека претеравме во расправата. Дури од време на време паѓаше и нивото на дискусиите и односот и тн. Дури се распливнувавме толку што сакавме да навлеземе во инвентарот на други политички партии односно партии кои што имаат свои програми, свои политички платформи за нивното дејствување. Во вакви случаи мораме да го сочуваме тоа што е достоинство и да ставаме човек министер во метафора за да можеме да расчистиме некои односи меѓупартиски и меѓу пратенички групи и тн. И тоа зависи од времето кога дејствуваме и од која позиција односно опозиција. Затоа сакам да потсетам некои пратеници дека исто така бевме во коалиција

со господата од Либералната партија и во таа коалиција веројатно кога тие прифатија со Партијата за демократски просперитет знаеле не коалицирање така слепо, претпоставувам и не биле толку наивни дека Партијата за демократски просперитет нормално учествува и со политичка платформа и со програма. Всушност со програма е регистрирана и како партија која јавно дејствува односно делува во Република Македонија. Тука се спомнаа, автономни, Универзитет и тн. Мора да ви кажеме дека и Парламентарната група на ПДП и Партијата за демократски просперитет си имаат свој инвентар и политички капитал. По неговото дејствување во време и простор затоа што и другите партии тоа го имаат Затоа што имаше време кога сите се ангажиравме за една Југославија лабава федерација. Не ли сме сведоци дека сите едно време се ангажиравме за тоа. После тоа си отиде, ама останува инвентарот на една партија, односно скоро на сите партии. Јас се сеќавам, мислам дека учествував и како пратеник на една делегација во Сојузното собрание колеги не ли е така. Сите ние си имаме свој инвентар. Меѓутоа мене ме чуди тоа што сега од други позиции напаѓаме.

Се напаѓа сега ПДП затоа што не се веќе во коалиција либералите односно поблиски можат да бидат ПДП-А затоа што се и тие во опозиција. Морам да ви кажам, барем ние тоа и нормално го примаме,затоа што и така е. Опозицијата си има свое, знае каде има терен за делување и таму ќе делува. Меѓутоа, ме чуди тоа пак, токму таканаречените сојузници ваши не ни го признаваат и овој наш инвентар во време и простор. Значи и ова и сите наши ангажирања за високо образование, затоа што во нашата програма од почеток пишуваше дека се ангажираме и за високо образование на мајчин јазик. Тоа не е никаква тајна. Таа наша програма во ништо не е променета. И тогаш господа либерали знаевте дека стои во програмата и бевме во коалиција со нас односно ние партиципиравме заедно со вас во истата власт.

Друго е тоа како ние ќе се ангажираме. Дали лобираме, дали брифинг разговори ќе имаме и со интелектуални македонци и од сите други националности, но ние одиме до крај на тоа дека сме се определиле на едно убедување, взаемно убедување дека тоа ќе биде потреба и е потреба. Вие сами ќе забележите дека во таа хронологија на размислување, на разговори, на дијалог, но секогаш сме кажале се додека имаме парламент и се додека водиме дијалог тоа е добро. На крај краишта еден голем човек во американската администрација рекол: "Демократијата има шанси само во тие земји каде што има мир". Ние едно време ќе имаме за некои работи многу спротивставени ставови, меѓутоа времето си го прави своето и во политичкото убедување дека ќе биде потребно да се договориме за некои работи. јас мислам дека тоа на најдобар начин и ќе го правиме заедно.

Сега, нормално во сето тоа се наоѓаме во една ситуација кога на умерените најтешко им е во овие услови затоа што умерените меѓу два екстрема, односно меѓу две ментални, ретардирани структури, тешко ќе им биде ама ние ќе истраеме. Мислам дека ќе истраеме и од сите овие работи ќе се извлечеме како најдобро може да се извлечеме.

Не сакам да спомнувам за други работи во Министерството за внатрешни работи. Свесни сме сите дека има и слабости, но не може да се рече па априори дека се не чини. Ние разговараме секој ден, меѓутоа сите овие работи што некои пратеници ги спомнаа јас не би сакал сега ни во името на пратеничката група да ги спомнувам затоа што сме во фаза на дијалог и разговори со министерот имајќи разбирање дека е сеуште во ситуација која ја простудира односно прави сондажа во самото министерство како понатаму. Тоа е кадровски прашања, односот на одредени вработени во Министерството за внатрешни работи и не можеме сега ние такви осуди да дадеме се додека не ни дозволува времето што е пред нас.

Благодарам и проштевајте што вака настапувам, меѓутоа еве морав и на ваков начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници што учествуваат во расправа да се придржуваат на она што ќе го започнат. Сите сте за придржување на деловникот додека дојдете на говорницата. Тогаш јас ја разбирам потребата меѓу себе да си кажеме нешто како различни партии и пратенички групи но ве молам дајте да се придржуваме на дневниот ред и на точките

Има збор господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, многумина велат. дека немале намера да дискутираат по темата и во подготвувањето за оваа седница навистина воопшто немав намера да дискутирам за оваа точка што е на дневен ред но со оглед на тоа што еден од дискутантите, господинот Тантаров директно ме прозва како битолчани потписници на) интерпелацијата да се изјасниме по однос на ова прашање. Единствено тоа е поводот што при крај се јавувам за дискусија и ќе настојувам да бидам многу краток.

Имено, она што посебно во тоа прозвање ме заинтегрира е прашањето што преку тоа се сакаше да се поврзе дека потписниците, а дел од нив сум јас се потврзуваат со сојузниците од ПДП-А. Јас навистина не знам од каде е таа констатација и навистина е можеби во склоп на она што господинот Вангелов дискутираше под делот за монтажа. Можеби на оние кои што дискутираа за сојузништво меѓу либаралите, барем зборувам за себе лично и настаните кои што се случуваат од страна на ПДП-А е токму монтажа за да се оцрнат претставниците на Либералната партија односно пратениците од Пратеничката група на Либералната партија. Јас лично таква монтажа и такво сценарио не прифаќам,а инаку за тоа кој со кого се сојузник

можеби во некоја друга прилика. Господинот Тантаров знае јас и тој заедно пропагиравме помеѓу албанското населени во Битола да гласаат за господинот Тантаров затоа што сметавме и сум убеден дека со тие луѓе може да се седне и да се разговара. И на тој план сметам дека е лоша конструкцијата за такво сојузништво.

Втора работа која што сега би сакал да ја речам беше изречена во склоп на таа конструкција за сојузништво, зошто е избран моментот на интерпелација во склоп на оние активности кои што се случуваат од страна на ПДП-А, на тие ректори, проректори од тој универзитет во Мала Речица.

Јас морам да кажам ако добро гледате на интерпелацијата датум под кој што е примена е 16 мај. Интерпелацијата беше најавена многу порано од страна на Пратеничката група на Либералната партија така да нема ниеден аргумент да се доведува во врска со настаните кои што моментално се случуваат.

И на крајот на краиштата ако сакаме за тоа прашање да разговараме моментот кога интерпелацијата, на која седница ќе биде поста вена на дневен ред одлучува претседателот на Собранието. Претседателот на Собранието ценел дека треба на оваа седница од познати причини или отсутност на министерот, или од други причини, ценел дека треба на оваа седница и за тоа немам ништо против. Не се пратениците од Либералната партија тие кои што ќе го одредат денот токму на која седница ќе се расправа. Постои рок во 30 дена во кој треба да се постави интерпелацијата на дневен ред.

На крајот за тоа сојузништво би го рекол и следново. Ако овде некој сака да разговара и за тој Универзитет и јас лично како пратеник сум спремен да разговараме во оној момент кога претседателот на Собранието ќе ја постави таа точка на дневен ред.

Би се осврнал на она'%т6 како пратеник од Битола бевме прозвани, зарем против господинот Чокревски кој што е од Битола. Јас морам да кажам, не знам колку професорот Чокревски се сеќава јас бев еден од првите битолчани кога другите можеби некако избегнуваа кој што го покани на една трибина да зборува токму за слободата и правата на луѓето во оние години на промени кога другите тешко се одлучуваа. Тоа беше по повод промоција на книгата на проф. Димитар Мирчев, така да и на тој план сметам дека не држат тезите дека битолчани не требаше да ја потпишеме таа интерпелација. Единствено согласност со определбите на господинот Чокревски за слобода, за демократија посебно кај новинарите во јавниот говор осетив со неговата изјава која што, како што некој рекоа дали беше дадена под притисок или во некои тези, замисли на еден одреден круг или мала група дека во тој момент и според реагирањата на голем број интелектуалци во Македонија осетив дека можно е да дојде до загрозување на процесите на развојот на демократијата со цел таа изјава да не се протолкува како притисок врз но- винарите. Од тие причини бев потписник на таа интерпелација, а не од причини дали господинот Чокревски го ценам или не го ценам. Затоа сметам дека не би требало во рамките на оваа точка да се носат некои заклучоци и конструкции за одредени пратеници посебно дали се од Битола или од било кој дел.

На крајот во однос на тоа како битолчани ја потпишавме. Па кога се бираше оваа влада јас во ;својата дискусија реков една од за- белешките на Владата што ја имам е тоа што има мал број на министри од Битола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој се јавува за збор.

Има збор господинот Нано Ружин.

VII/7

**НАНО РУХШН:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас немам намера ниту со некоја пологетизам да настапувам во одбрана на интерпелацијата или пак на министерот туку. едноставно би кажал некои мои размислувања во неколку минути што сметам дека ќе бидат корисни повеќе за јавното мислење во нашата држава.,

Мислам дека овој настан можеме да го гледаме од три аспекта Еден политички, еден маркетиншки и еден психолошки.

Што се однесува до политичкиот маркетинг мене ме збунува сега делот од опозицијата кој што зборува ете ништо нема против министерот а од друга страна ја потпишале интерпелацијата. Мислам дека секоја сериозна партија кога настапува и кога Уставот и деловникот им овозможува поднесување на ваков вид документи треба да застане сериозно зад тој документ а не сега да се оправдува дека има свое мислење, па дека го познава министерот како еден човек демократ и тн. Всушност инерот на демократија дозволува критика, будност, следење на почитување на основните човекови права на правната држава и тн. Според тоа јас не гледам дека е тоа некој голем настан ако се поднесе жедна интерпелација. Тоа е всушност дел од политичката борба на секоја политичка партија. Кога една партија веќе застанала зад тоа нема потреба сега да има некои дилеми, или јаловни настапи и тн. Дотолку повеќе што знаеме дека како сите посткомунистички држави и ние живееме во една држава каде што со воведувањето на плуралистичката демократија, политичкото насилство е во пораст. Тоа е општество како што знаеме во транзиција, економска стагнација големи насилства, социјални тензии и тн. Според тоа сметам дека нема потреба за некое оправдување пред јавноста од страна на политичките партии.

VII/8

Од друга страна маркетиншкиот пристап го видовме вчера, го видовме и денес. Маркетингот е мошне важен. Во оваа материја покажа особено вчерашната дискусија и ќе признаете дека на сите нас, а веројатно и на јавноста во Македонија поголемо значење, поголем впечаток остави проблемот од областа на меѓунационалните односи отколку самата интерпелација.

VIII/1. -СП/МЛ

**НАНО РУЖИН: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Всушност тука се доближуваме до овој трет аспект оној психолошкиот, бидејќи знаете дека во секое демократско општество1 и воопшто во општеството полицијата секогаш била осудувана како еден кочничар на демократијата, сетете се на судбините на разните шефови на полицијата од Берија наваму, сите кои во одреден момент биле под критиката, постојано, се идентификувале со еден вид кочничари на демократијата. Во оваа смисла во конкретниот случај сметам дека сите напади кои беа кажани против министерот Чокревски пред се одеа од едно апстрактно стојалиште дури истакнуваа дека министерот е еден од зачетниците на Форумот за човекови права, јас го знам како еден човек борец за демократски права и во таа смисла е сосема чудно што некои ја подвлекуваат овој квалитет на министерот како отежнувачка околност. Напротив сметам дека професорот Чокревски и воедно министер не заслужуваше да биде истакнат во смисла дека настојува да ги сопре демократските права. Сите знаеме дека неговата изјава или она што беше оттргнато од изјавата на извесен начин создаде една политичка бура и меѓу медиите и меѓу јавноста, но секако ќе се согласите во тоа дека и оние кон кои беше наменета таа изјава исто така се соочија со одредени проблеми во самите редови, да не кажам дека и меѓу интелигенцијата и меѓу новинарите исто така постои дел кој исто така не се снајде баш најдобро во првите денови од демократијата, па и денеска.

Според тоа, да заклучам мислам дека не би требало да се генерализира со сите тие квалификации кои беа наменети против министерот и сметам дека нема простор да гласаме за смена на министерот Чокревски.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Чокревски.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. За разлика од другите многубројни дискутанти во>текот на овие два дена кои нагласуваа на почетокот дека немале намера да дискутираат, јас имав намера да дискутирам, во голема мера се откажувам од дискусијата, а ќе изнесам само неколку работи за кои сметам дека мора да се искажам. Се откажувам од дискусијата затоа што седејќи овде два дена проценував дека е надвор од суштината на проблемот сега јас да елаборирам, зборувам, докажувам нешто за кое има еден спор, едно разбирање или неразбирање, намерно или ненамерно. Ќе се обидам на еден друг начин да ја објаснам работата, не знам колку успешно, но ќе се обидам бидејќи ја сменив намерата како да дискутирам.

Прво, Интерпелацијата е сигурно демократско право и би било смешно јас да се пробивам на една Интерпелација, напротив, сметам дека таа е корисен инструмент во демократската расправа, демократската борба во еден ваков Парламент кој ние, како една млада држава го градиме. Воопшто не гледам негативно во тоа што Либералната партија побара една Интерпелација во овој момент ненавлегувајќи во мотивите на таа Интерпелација. Тоа не би било коректно од моја страна да ги барам мотивите. Јас единствено во мојата изјава реков дека сакам да верувам и верувам дека намерите се искрени во однос на потребата да се расправа за демократијата, заштитата на демократијата и тн. Оставам самиот Парламент и јавноста и медиумите да го ценат тоа со каква мотивација и во која насока е насочена оваа интерпелација.

Меѓутоа, сепак ќе дадам една забелешка на Интерпелацијата бидејќи таа е за работата на министерот. Подвлекувам дека би било страшно ако со вакви средства исто како што е страшно министерот да ги заплашува новинарите или да е против јавниот збор и слично би било исто така страшно да се спречува слободата на исказот и на министрите со целата одговорност што министерот ја носи и за се она што треба да одговара искажувајќи пред јавноста едни или други искази.

Јас изјавувам овде пред сите вас никој нема да ме спречи и како министер и како обичен човек да го зборувам она што го мислам, а вие повелете секогаш ако сметате дека нешто правам што не е во ред во исказите покренувајте интерпелација. Еве ви можност за расправи, демократии и слично.

Јас сум човек од 61 година, влегувам во 62-та, на крајот на работната кариера влегувам повторно во директната политика и дали некој се прашува кои се моите мотиви. Моите мотиви не се како што некј сака да прикаже од некакви политички и други амбиции. Јас сум од едно прекрасно мирно место од кое опсервирав се, пишував, можев да интервенирам, да зборувам пред медиумите и да бидам напаѓан од медиумите стално да зборувам, дојдов на едно жешко место во кое се случуваат или се вкрстуваат поточно најсуптилните процеси на конституирањето на македонското општество каде се вкрстуваат сите проблеми кои од внатрешен аспект на македонското ткиво можат да бидат загрозување на неговиот опстанок. Мотивот беше едноставен, оној истиот што многу дискутанти го спомнаа во врска со Форумот. Ние една група од интелектуалци се зафативме уште за време на Форумот да се бориме за некоја платформа која фала богу да кажам во голема мера успеа да влезе во Уставот и во концептот и моделот на македонската

држава. Форумот сам по себе, бидејќи стана збор и за него, се изгасна. Изгасна со работа, а не дека јас сум уште претседател на Форумот. Тој е формално укинат од судот. Зошто и како, тоа е друга работа. Зошто се изгасна Форумот. Затоа што голем бројка луѓе од Форумот на еден или на друг начин се ангажираа во директната политика, станаа функционери. Спрема нашето морално сфаќање на борбата за човекови права не беше во ред ректор да води Форумот, министер да биде дел од Форумот, многу членови3на Форумот станаа министри и други функционери. Спрема тоа, мотивите беа многу морални, многу јасни, многу чисти. Ние сакавме да не делуваме лажно. Дури бевме надвор од власта личностите делувавме во Форумот. Сега што ми е идејата? Мојот мотив за прифаќање на оваа функција беше еден од мотивите во кои лежат и во Форумот. Сметам дека МВР, полицијата како многу ја викате, не е само полиција има многу сегменти, тој дел од власта е од исклучителна важност за конституирањето и развојот на македонската државата. Не онака како некои дискутанти сакаа тоа да го прикажат дека сакаме да правиме полициска држава. Напротив, од аспектот на нешто друго. Јас мислам вие добро знаете дека Македонија како нова држава која со тешка! мака се породува, можам да речам се породи со многу лоши бабици околу. Македонија која првпат во историјата се бори за меѓународно признавање и се избори, го затвораме кругот сите ние, пазете,не правам разлика дури луѓето кои ја бараат Интерпелацијата ги сметам за дел од овој систем и сигурно дека со без нив сигурно овој Парламент не би бил тоа што е. Меѓутоа, тој процес на меѓународно признавање заврши и завршува, има уште малку некои работи да се дозавршат. Сега ние сме тука внатре како старите Латини викаа "хик Родос, хик салт". Тој што се фалел дека прави салта во воздухот на Родос кога се нашле на Родос му рекле луѓето ајде-сега да те видиме

дали навистина го правиш тоа. Што сакам да кажам? Ние сега самите од внатре треба да ја градиме нашата млада држава. Ние од внатре треба да ги развиваме сите оние процеси кои ќе ни обезбедат стабилен, мирен развиток на македонското општество. Сметам, кој како сака нека каже дека можеби е оваа концепција на полициска држава што јас изнесувам, јас не мислам така, сметам дека МВР има исклучително важна функција во тоа. Еве зошто.

Денеска на нашиот простор се вкрстуваат многубројни интереси странски, почнувајќи од соседите и проширувајќи ги до Европа и до светот. Присутни се голем број на интереси овде во Македонија. Тие уште повеќе ќе бидат присутни. Многу се засилени интересите на соседите. Се применуваат многу перфидни, многу суптилни, нови начини на присуство и на делување овде на овој простор. Не е сега проблемот Македонија да биде дел од некоја држава од соседите. Проблемот е кој ќе ја добие, кој ќе ја купи внатрешната структура. На тој начин се делува. Со разни софистицирани начини. Кој ќе ги прати тие работи, кој ќе ги анализира, не мислам на онаа буквална полициска смисла, во смисла на интелигенција, во смисла на согледување на тие процеси за кои многу од нас не сме свесни.

Второ, во Македонија се вкрстосуваат голем број економски интереси, најмногу интереси на меѓународниот криминал, економски и друг криминал. Тоа е веќе присутно. Ние согледуваме некои од тие тенденции, меѓутоа, треба тешка и сериозна работа за да можеме да ги следиме тие работи. Кој тоа ќе го прави? Треба МВР да биде подготвено да ги согледува тие процеси. На тие процеси на меѓународниот криминал, на меѓународната мафија укажуваат и сите други држави кои сериозно го градат и го чуваат својот поредок.

Во таа смисла МВР има многу добри врски и соработка со голем број на други министерства. Можам да ви кажам, да не испадне дека се фалам, дека оценките на сите тие наши контакти се прекрасни за Министерството. Мала држава, но имате добра служба. Тоа се кажани зборови од други луѓе. Јас можам пред Парламентот да ги кажам затоа што верувам дека секој од вас е заинтересиран за тоа.

Трето, имаме голема опасност како централно подрачје за транзиција на дрогата. Таа почна да се движи, почна да се шири и кај нас, јас дури бев подготвен на вас да ви кажам дека во една прилика, ако треба, Министерството ќе се заинтересира за ова вие што баравте, тој одговор го даде сега Министерството аз образование но и Министерството за внатрешни ќе го анализира тој проблем. Подготвен сум, верувајте, не можеме да се делиме на партии по дрогата. Не може некој од оваа партија да мисли за дрогата вака, а другиот онака, мора ....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да упаѓате од место.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Немојте, јас го кажувам моето мислење и немојте сега да се оптужуваме. Значи, дрогата ни е на пат, таа останува, таа е зло, таа е опасен проблем за целата млада популација. Ние во тој поглед преземаме сериозни мерки, сериозно сме организирани, имаме добри стручни кадри. Јас учествував пред Обединетите Нации со излагање во врска со дрогата и таму беше забележано дека сме една од ретките земји кои воспоставуваме меѓународна соработка за борба против дрогата, во сузбивањето на трговијата со дрога. Ние држевме Јужнобалканска конференција, која малку потивко се одржа со сите

безбедносни структури на Албанија, Бугарија, Романија, Турција и со присуство на безбедносните структури на САД. Добивме најдобри оценки за тоа. Ќе добиеме и помош за да се врземе во еден систем во кој брзо ќе се разменуваат информациите во врска со дилерите, трговците и тн. и можеме ефикасно да делуваме.

Понатаму, врз основа на недефинирани и сеуште неразвиени сегменти на системот се развива криминалот, криминалното делување, брзото збогатување, она што значи искористување на системот. Сето тоа е присутно во нашата средина, тоа е исто така еден сегмент кој може од внатре да го разори ткивото на македонското општество.

Да не продолжувам кој со какви проблеми како Министерство за внатрешни работи се сретнуваме. Затоа треба да се организираме. Треба да имаме разбирање. Јас се обраќам до сите вас, до пратениците и од опозицијата. Она вчера што господинот Руфи го зборуваше тука со оној напад на Министерството, на полицијата, тоа е монтирано за да се нападне целиот систем. Во рамките на нашата соработка одиме да го гониме криминалот, да важат законите и не правиме разлика во тој поглед кој на која нација припаѓа. Во таа смисла ова што спомна пратеникот Исмет Рамадани стално со мојот постар колега Хисен Рамадани, размислувам дали правилно ќе ги кажам имињата, она што го кажа дека ние сме во контакт со министрите и со другите претставници на нивната партија за современо,модерно, законско постапување во однос на сите тие работи. Тие имаат многу забелешки на полицијата, како што имаат и многу други забелешки, сите тие забелешки, ако е можно да бидат прифатени, ќе бидат прифатени. Имам желба , имам намера да создадеме едно модерно Министерство за внатрешни работи, тоа е мојот мотив зошто се нафатив, зашто сметам дека ќе биде важно за сите, без разлика кој на која нација припаѓаме, кој на која партија припаѓаме. Да ни бидат мирни децата по улиците, да можат слободно да

излегуваат, да не ни потпаѓаат под дрогата, да нема ракетарство, да нема убиства, да нема криминал. Со моите определувања, но за да се создаде една таква служба да се успее во таа служба, потребна е помош, потребно е разбирање, треба да го имаме тоа разбирање. Ако одиме со овој систем на црно-бела техника се што е во моментот во Владата треба да се напаѓа, да се руши и обратно. Нема да постигнеме многу. Јас ја почитувам принципиелната критика на сите, но она што се случува кога мотивите се други, секогаш јавно ќе го искажувам, па како сега во една метафоричка форма го кажа мојот драг колега Атанас Вангелов, па макар ме беселе на плоштадот. Немојте да се плашите од министерот за внатрешни кој јавно зборува. Плашете се ако ќути. Плашете се ако тој тајно работи. Јас на новинарите им понудив новинарска комуникација. Моите драги новинари инаку мои ученици поглемиот дел, јас со години предавам на новинарство, ги учам, се послужија со полициски методи.

IX/1-- ЈМ/ЉР

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ** (продолжение)

Разговорот кој што го водев на коктелот го поврзаа со говорот што го држев како подбрав и во кој што нагласив некои работи. Тоа никој не може да го покрене. Г-динот Атанас Вангелов како стручњак за таква анализа го покажа, но тоа не е важно, важно знаете што е, сега јас што ке изјавам. Во министерството за внатрешни работи тврдам и додека сум јас таму нема да има досиеја за новинари. Тоа е против мојата природа, против концептот што го имаме за внатрешни работи. Во тоа ве уверувам. Кој спомна досиеја. Никој не спомна досиеја ниту во тие изјави. Досиејата некој ги измисли. Затоа што министерот рече дека има офанзива со новинарите, меѓутоа новинарска Јас бев спремен со новинарите за секоја ситуација да дискутирам. Информациите за Министерството дури од мене да ги добиваат. Меѓутоа не можам со една работа да се сложам. Јас за новинарството имам свое мислење и секојпат сум го ставил јавно, сум бил еден од првите што го поддржувал новинарството во смисла на негова слобода и негова независниот во однос на разни покровителства од една, или друга политичка структура. Затоа постојат документи, сум иста- пувал во јавност итн. Новинарството го сметам за голема сила. Тоа, тоа го покажува. Новинарството е и сила во нашето општество. Тоа го покажува. Покажа и во овој случај со мене. Немојте да мислите дека јас, морам да кажам ми беше непријатно, но многу не се вознемирив. Јас мислам дека се покренаа интересни прашања во врска со она што јас го реков во кое има и вистина , но има и интерпретација има и комбинација итн. Што се покажа на што реагирав јас? Реагирав на неточности . Најавив дека со вистина само може да се расправаме. Тука многу дискутанти рекоаидека атентатот е интерес за

сите. Кажаа дека не може никој да спреми са се пишува за тоа.

Драги пратеници, 'верувајте атентатот е една од најтешките коски кои ми стојат тука во грлото мене. Зошто, како е голема тема. Дали со оваа информација ќе расчистиме која е на дневен ред, не знам, бидејќи ние во овој момент даваме само квантифицирани податоци што правело Министерството,бројки итн. Ние во овој момент не можеме да зборуваме за случаи на истрагата. Уште сме во ситуација во која што не треба да изнесуваме податоци од случаите на истрагата Затоа што со тоа ја спречуваме истрагата. Јас не спречувам да се пишува за атентатот, меѓутоа, ако еден новинар, или некој што знае некој податок издава некои работи, кажува некои податоци кои пречат во завршувањето на истрагата, извинете, постојат закони кои што го забрануваат тоа. Тоа е проблемот,. Јас на тоа реагирам. Можеби реагирав малку и пожустро. Знаете зошто пожустро? Затоа што атентатот е рак рана на целото македоснко општество. Јас сакам овде да изјавам додека сум во Министерството за внатрешни работи ќе работам со сета сила да се откријат извршителите на атентатот, односно учесниците во атентатот и силите кои што стојат зад нив. Јавно го изјавувам тоа и не работам и се надевам дека ќе имаме некој резултати, ако имаме. Меѓутоа, треба да сфатите дека се работи за многу комплексна, многу тешка, многу суптилна работа, доколку се вмешани надворешни служби, структури итн. тешко е да се откријат извршителите. Она што можам во овој момент да го кажам е дека во МВР се работи на тој проблем и информациите кои што некои ги добиваат по разни канали дека е замрена работата на истрагата, не се точни. А како се работи? Тоа не можам да кажам. Не се работи по оној принцип како што досега знаете, затоа што не можеме да сочуваме извесни податоци, извесни тајни кои

што мора оваа Служба да ги има. Сакав овие работи да ги кажам и едноставно да заклучам со следното. Можеби има неслагање во ова што денес се се случува околу интерпелацијата. Можеби пратениците од ЛП. и од Другите опозициони партии остануваат на своето убедување дека јас направив голема штета и дека сум за загрозуваше на демократските процеси во Македонија. Нивно право и на никого не се лутам ако навистина така мислам. Меѓутоа, има и други луѓе кои што мислат поинаку. Јас објаснив дека такви намери не сум имал, дека сето тоа е во контекстот на моето гледање како гледам на работите, да зборувам отворено, да кажувам, да укажувам на некои недобри работи и што е сега резултатот и крајот? Изгубивме непотребно време, навистина Чокревски, гласајте, може да си оди од овде и мирно на факултет, или Чокревски останува министер. Да престанеме со овие препукувања и доколку Чокревски остане на оваа функција, јас молам за поддршка од целиот Парламент, молам за поддршка од новинарството, поточно за разбирање. Верувајте работите се многу сериозни и треба да имаме државнички осет.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Пред да се заклучи расправата барам 30 минутна пауза за дополнителни консултации во пратеничката група на Либералната партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Пауза до 15,30 часот.

Седницата продолжи во 16 часот.

IX/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Од консултациите на пратеничката група на Ј1П по повод говорот по интерпелацијата на министерот Чокревски го изјавувам следното.

Прво, во својот говор министерот Чокревски пошироко објаснување за сопствените демократски определби и за своето делување во форумот за човековите права. По однос на овие негови искажувања во одговор по содржината на интерпелацијата сметаме дека интерпелацијата не се однесува на демократските определби и од порано и сега и делувањето на министерот Чокревски во форумот за човекови права. Значи, тоа не е предмет на интерпелацијата.

Второ, во својот говор министерот Чокревски исто така даде едно објаснување за вкупната безбедноста состојба на државата како од внатрешен, така и од меѓународен план. Тоа е многу битно. И во тие рамки и улогата и функциите на МВР. Тоа е многу битна проблематика и ние се залагаме за едно расправање по таа тема на ова Собрание, но исто така тоа не е предмет на интерпелацијата која што ја поднесовме.

По однос на она што беше суштина и содржина на интерпелацијата одговорот на министерот Чокревски евидентни се две констатации.

Прво, овде од дводневната расправа бевме сведоци на група пратеници од социјал демократскиот сојуз кои што изразија бранење на изјавата и она што во изјавата беше предмет на интерпелацијата поднесена од пратеничката група на ЛП што како изјава и со последици

врз, атак врз слободното и демократско јавно информирање не може да се одбрани.

Второ, министерот Чокревски во својот говор се повлече и се откажа од изјавата дадена "на празникот на полицијата 7 мај по однос на нападите врз новинарите. Сметаме дека ова негово откажување од изјавата за нападите врз новинарството и ветувањата што ги даде по однос на тоа дека ќе се укинат и обелоденат постојните досиеја и дека понатаму нема да се создаваат нови досиеја, обелоденувањето и раскинувањето на постојниот административен брак на некои новинари со полицијата и дека понатаму ќе има широк простор за демократско, јавно и објективно вистинито јавно информирање. Сметаме дека со тоа целта на интерпелацијата е постигната, сметаме дека со тоа е постигнато изменување и повлекување на министерот од дадената изјава дека тоа ќе биде конкретен придонес кон слободното и демократско јавно информирање и во таа насока ја повлекуваме интерпелацијата. Штом е целта постигната.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Право е на предлагачот во секое време да може да ја повлече иницијативата и предлогот. Г-дине министер, нема точка на дневниот ред.

Минуваме на **точката 2** - Предлогот на кривичниот законик.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сметам за потребно да се обрне внимание при донесувањето на кривичниот законик на РМ бидејќи станува збор за закон кој што во кој и да е правен поредок е еден од клучните закони за правниот поредок.

IX/6.-

Исто така, и кривичниот законик на Македонија ќе постане еден од клучните закони на правниот поредок на РМ. Тој претставува еден од главните инструменти во својата област во рамките на водењето на битката против криминалитетот кој што за општество во транзиција, за општество кое што ги менува своите структури, вредности и облици за кој што за такво општество е карактеристичен еден динамичен променлив криминалитет кој знае да ги промени не само своите форми, туку да добие организиран вид, да зафати големи делови од општеството, да го криминализира самото општество, да зафати определени сфери од државата, од јавните сервиси, јавните установи. Од тие причини кривичниот законик како одговор на борбата против криминалитетот е неодминлива тема.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Што претставува и што опфаќа Кривичниот законик како еден од клучните закони во кривично - правната реформа. Кривичниот законик е темелниот закон во областа на кривично правната реформа. Тој денеска Собранието го има во Завршна фаза, пред донесување, а во исто време ова Собрание и Владата веќе ги подготви и ги имаше во прва постапка сите други закони од материјално - кривично правниот процес, процесното кривично право, со тоа што, со што можеме да констатираме дека Република Македонија некаде кон половината на септември ќе го има комплетниот пакет на кривично правните закони, материјални и процесни во рамките на оваа реформа, како што знаете, спаѓа закон за прекршоците, што ја помина првата фаза пред Собранието. Тука, исто така, влегува законот за кривично судската постапка што ја помина Владината постапка, па е пратен кон собранието, што значи ја чека својата прва, расправа. И тука е законот за извршување на казните, кој што е планиран на наредната седница на дневен ред на Собранието.

На таков начин Владата, практично, со овој септември ја заокружува реформата на кривичното право во Република Македонија. Оваа реформа претставува практично првата фаза од комплетна реформа на кривично - правната област во Република Македонија. Работена е некаде 18 месеци сукцесивно, континуирано од страна на комплетниот правен потенцијал со кој располага република Македонија. Тоа е учество на правната наука, учество на правната струка преку институциите од правосудната област. Тука учествуваше исто така, и министерството за правда.

Законот што денеска го имате е рецензиран и од Советот на Европа, од угледна и бројна експертска група од професори по кривично право, носители на кривично - правното законодавство во своите земји во Италија, во Германија, во Португалија и во Шведска. Инаку, со

општиот заклучок за нашиот кривичен законик од Советот на Европа и од експертската група. Тој гласи, цитирам: "Заклучокот на експертската група е дека предлог законот, за предлог законот немаме никакви забелешки во однос на неговата сообразеност со целите правдата, законските правила или заштитата на човековите права. Многу одредби од Предлогот за донесување на законикот служат како пример за Европската правда. Таков е случајот со член 219 и во продолжение и член 18 7 и во продолжение. во целина имајќи предвид некои забелешки експертите го признаваат и го поддржуваат кривичниот законик, приложен во додатокот 2. 11. Што значи дека не само по овој повод, туку и по повод закониците или законите од граѓанската област, на пример, законот за парничната постапка, која што ќе дојде во завршна фаза или на усвојување на една од наредните седници, а првата фаза ја помина, ќе можеме да констатираме дека Советот на Европа утврдил дека Македонското право е Европско право. Дека една од линиите на Европското право и дека по своето ниво, квалитет и структура практично влегува во Европското право. Во таа смисла, со оглед на значењето на кривичниот законик, со оглед на тоа што тој е инструмент против криминализациајта на општеството и новите видови на криминалитет , со оглед на тоа што е инструмент на создавање на обезбедување на нормалното одвивање на тековите на транзицијата, на промените на структурите, на промена на односите во македонското општество, практично, со оглед на сите тие карактеристики можеме да кажеме дека овој законик како другите закони, иако не се совршено завршено дело бидејќи ниедно човечко дело не може да биде ниту совршено, ниту завршено дека претставуваат сепак еден одлучен стандарден старт на македонското право во Европското право.

XI/3.-

Со оглед на тие функции, веројатно, ќе беше доста добро овој кривичен законик да беше усвоен пред две до три години и тие две до три години да беа, исто така, пополнети со сите други закони од правниот поредок, со што не ќе се создадеше оној вакум и оној расчекор меѓу пријавените кривични дека и просудените кривични дела. Кои се главните линии на концепцијата и на структурата на кривичниот законик на Република Македонија.

Прво, основното поглавје каде што овој закон се разликува квалитетно во однос на претходниот се состои во разграничувањето на сферата на нормирањето на кривичните дела и во сферата на постапувањето во однос на казнените дела на управата и на судството. Кривичниот за- коник на управата и ги одземена казнените функции. Кривичниот законик содржи норми според кои управата ниту може да пропишува казнени дела ниту може да води казнена постапка, ниту да изрекува казнени норми.

Второ, со кривичниот законик на управата и се одзема можноста да ги менува судските одлуки преку институтот условен одпуст и преку доминантната надлежност од таа област, кои што постојат во постојните закони во оваа област. Судската одлука на тој начин постанува, не прикосновена највисока одлука кога станува збор за судски предмет и одлука која може да биде променета само со повисока судска одлука и тоа во судска постапка. А не може да биде променета ниту со закон, ниту со каква да е одлука на извршната власт, што исто така постулат на Законот за судовите.

Трето, со кривичниот законик на управата и се одзема правото на водењето на казнената евиденција и надлежноста на управата истата да ја употребува и да се служи со неа според нејзиниот резон, неретко и со политички мотиви.

Со Кривичниот законик се напушта позицијата на кривично правното законодавство од која можеше кривично правното законода-

вство да се инструментализира и да биде инструментализирана идеологизирана репресија. Со него да се манипулира, манипулираат и редуцираат слободите и правата на граѓаните. Исто така, со кривичниот законик во споредба со постојниот се напушти заштитата а приори на самите системи и државни уредувања како такви, со тоа што кривичниот законик ја штити демократската процедура или процедурата на конституирање на системи, а не сами идеолошки или политички систем како таков. Со овој кривичен законик исто така се напушти идејата за казнената норма како целесообразно средство кое се моделира според целите на владеењето на тие што владеат и се овозможи нејзино приближување до идејата на правдата и на правичноста. На таа основа се напушта таканаречената материјално правна дефиниција на кривичното дело како општествено опасно дело, кое е основа на идеологизираното казнено право кое ја штити токму таа Влада која е на власт и токму таа власт, таа форма на власт која ја има пропишано односната Влада. Значи, се напушта тн. материјалната дефиниција на кривичното право како волја на класата или на групата која е на власт подигната на степен на закон на самата власт како стап или како сила во рацете на тие што владеат. Наместо тоа во кривичниот законик се постулира нормалната дефиниција на кривичното право, тоа е против правно дело што со закон е определено како кривично дело чии обележја се определени со закон. Значи, со кривичното дело се дефинира, одредува и препознава и санкционира она дејствие и дело кое е во долгата цивилизациска и правна историја го издифицирале и го стандардизирале правните држави и оние сили кои самиот закон го ставиле над владетелот. Како што на пример во една мала дигресија и илустрација младиот Андроник во Византија фатен во конспирација против својот вујко император ги освоил симпатиите на трибуналот со инсистирањето да му се суди според она што е повисоко од волјата на императорот, според законот.

X/5.-

Оттука, кривичниот законик го предвидува ескулпирачкото дејство на правната заблуда. Се напушта максимата "игнорација јурис нихил но носет", а се прифаќа принципот "игнорација јурис продест", односно се напушта правилото "од непознавањето на правото никого не го ослободува", а се прифаќа правилото "непознавањето на правната норма може односното лице да го ослободи". Видеата е правните норми треба да бидат стандарди и за кривично дело треба да биде санкционирано само она што се усогласува со принципот на правдата каде и да е во една долга низа на развој на културниот или цивилизацискиот поим на правдата. Со казнениот законик се заштитува демократската процедура за конституирањето на систем, како што реков, а не самиот идеолошки или политички облик на самиот систем.

Со овој кривичен законик преку концептуализацијата и систематизацијата на инкриминациите се покажува редоследот на вредностите и добрата што се заштитуваат. Таа систематика тргнува од човековите слободи и права како од клучна позиција од која се надоврзува заштитата на сите оние други добра кои ја сочинуваат заедничката основа и заедничките функции на живот тука, вклучувајќи ги функциите на државата кои се остваруваат во интерес на индивидуалните човекови слободи и права. Ваквиот поим на правото добро го расчистува колебањето што може да го предизвика секогаш можниот судар меѓу поединецот и неговите слободи и права од една страна и интересите на државата од друга страна.

Првиот секогаш има предност и не може да биде жртвуван за никакви повисоки цели. Индивидуалните слободи и права се неограничени. Овластувањата и функциите на државата се ограничени со мерата со кој а значат унапредување и заштита на индивидуалните слободи и права. Таквата легитимирачка функција ги определува од една страна границите на казнената репресија, а од друга страна и кругот на интересите на самата држава, што можат да се кренат на рамништето на

правно добро заштитено со казненото право. Односната промена што во концепцијата и структурата на кривичниот законик во Република. Македонија е направена е и крупна и квалитетна. Ви почитувани пратеници го имате и уводното излагање и целите на кривичниот закон со кој што се сака да се постигнат и едно опширно образложение. Во рамките на образложението ги имате криминално политичките основи кои што ја условија структурата на кривичниот законик. Во исто време ја имате експлицирано објаснето до детали структурата на новите кривични дела кои што се новина и по прв пат се јавуваат во кривичниот законик на Република Македонија Истовремено, ги имате новите кривични дела кои што се условени од транзицијата и од новата форма на криминалитет и новото ниво, а тоа е организираното ниво на криминалитетот. По сите тие линии, по сите тие прашања квантифицирано би изгледало вака во новиот кривичен законик имате 35 комплетно нови дела. Имате 121 нова инкриминација, било како основно дело, како изведено, привилегирано или квалифицирано кривично дело. Од вкупните 426 членови интервенирано е во вкупно 237 членови. Може да се заклучи дека е направен крупен исчекор, дека е тоа исчекор концепциски изведен, дека нема метод на компилации, нема метод на механичко преземање. Оценката на Советот на Европа, да го завршам кругот на ова кратко уводно излагање, Практично на таков начин е заснован во резултатите од кривичниот законик, кој што сметаме дека во голема мерка ќе ги концентрира натамошните решенија во областа на кривично правната област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој се јавува за бор?

Г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас, навистина, сакам да кажам само една реченица. Јас сум еден од оние привилегирани неколку пратеници кои ја претставуваат нашата држава, поточно нашиот парламент во Советот на Европа каде што

преземавме обврска и јас лично бев еден од оние кои пред 250 пратеници таму преземавме обврска дека минатиот септември дека до овој септември, октомври, ќе направиме неколку усогласувања во нашето законодавство, меѓу кои една од клучните точки,се разбира, беше и донесувањето на новиот кривичен законик. Само сакам да кажам дека ова е тој момент кога таа наша обврска оваа држава ја исполнува. Се надевам дека законот ќе биде донесен и мислам дека по повод на тоа треба Владата да се за- ангажира и другите обврски од овој дел на кривичното законодавство кои ги имаме преземено пред организациите во кои имаме полноправно членство треба да ги исполни до предвидениот рок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Зоран Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, ќе дадам сосема краток осврт на овој закон и покрај тоа што по- ради бучавата во салата бев делумно хендикепирам не можев воведното излагање на Г-динот Поповски да го чујам во целост. Меѓутоа, има образложение, така што ќе можам да се осврнам и на дел од ова.

Овој законик по три месеца е повторно пред парламентот и тоа во втора фаза како предлог кривичен законик. Неговото донесување нема да го донесам од кои причини е неопходно, исполнувањето на обврските спрема меѓународните заедници, усогласувањето на оваа сфера со Уставот на Република Македонија, усогласувањето со промените во вкупниот општествено - политичкиот систем и воопшто во сите промени на кои настануваат во овие пет односно шест години од процесот на промените во Република Македонија.

За самиот концепт и ако може да се каже дека е во суштина добар не значи дека би можел да биде уште подобар доколку вака значаен и обемен закон одеше во редовна процедура односно одеше во три фази

а не во две фази. Ова ќе го напоменам од повеќе причини. Најпрвин, точно е тоа дека роковите се пред нас дека постојат обврски преземени пред меѓународни организации итн., и сето ова ќе беше во ред доколку се одвиваше односно овој закон влезеше во процедура малку порано, така што верувам дека и покрај тоа што го оценувам јас како еден од подобрите закони дека сите некои поситни или редакциски да кажам, или некои други аномалии, или пропусти би биле отстранети ако одеше во една редовна процедура бидејќи и ова сметам дека и за Владата во иднина вака обемни или вака значајни закони мора да одат во редовна процедура и со тоа, почитувани пратеници, почитувани министри не се продолжува. напротив, би се скратила процедурата, бидејќи сите овие дискусии по претходните закони би биле многу пократки, знаеја пратениците дека веќе ќе имаат уште една прилика да ги кажат сите свои забелешки.

Јас тврдам дека навистина во ова море во оваа лавина закони мал дел од пратениците успеале да го прочитаат овој закон, а уште помалку да го проучат. Исто така, и комисиските расправи, за жал, во оваа фаза не во претходната, беа доста набрзина орочени без некои конкретни забелешки.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (продолжение)

Меѓутоа, ќе се осврнам дека самиот концепт е прилично добар и тоа ќе го аргументирам само со неколку реченици. Очигледно дека при изработката на овој концепт биле консултирани одредени експерти во оваа област , кој што навистина совесно пристапиле и би рекол без идеолошки предрасуди и без партиски предрасуди и мислам дека ова е еден добар пример и за ова министерство и за другите министерства во пристапувањето на овој закон и добар показател дека закони може да се прават без партиски пристрасности и без некои идеолошки предрасуди итн. Така да овој закон, овие експерти и Министерството пристапиле на еден доста коректен начин Иако се пристапеше и кон оние други закони од ова и од другите министерства на ваков начин, тензиите ќе беа намалени и ова покажува дека не е точно тоа дека не може да се постигне консензус по одредени прашања. Самиот овој закон е добар доказ дека до колку се пристапи без некои обоености и се сфати сериозно работата може да се сфати дека и позицијата и опозицијата можат да најдат заеднички јазик.

Исто така согласно овој закон, а би требало да добие поука и за другите министерства, се надевам дека во иднина тоа ќе го практикуваат, за разлика од механичкото, она што го спомна во воведното излагање, нема механичко преземање, нема механичко пишување на закон, нема механички образложенија, овде е дадено едно посолидно образложение. Во ова образложение се дадени причините на законот односно концептот на законот и тн. И за прв пат се случи, се надевам дека извршната власт тоа ќе го почитува и ќе покажува еден респект спрема Парламентот, се случи да се даде еден осврт на забелешките во претходната фаза на пратениците и на комисиите. Друго е прашањето колку од тие се

усвоени или не, меѓутоа,,ова покажува дека е една нова пракса и дека во иднина, исто така, би требало да се однесуваат и другите предлагачи, пред се Владата за даде едно образложение посолидно, инаку имаме пракса закон од 600 члена да има образложение од половина страничка. Овде, тоа навистина е избегнато и веројатно ќе преставува една нова пракса при доставувањето на закони во Парламентот и фактички ќе има еден респект спрема сите оние забелешки. Ова покажува дека може да се скрати и она препукување од говорница, до колку се даде тоа на соодветен начин.

Одредени забелешки, односно голем дел од забелешки што беа искажани во Комисиите и од оваа говорница било писмено или усмено се опфатени, особено би рекол дека некој се од редакциски карактер, а некој се кај кривичните дела кај вооружените сили, таму се испуштени некои аномалии каде што беа механички преземени од поранешниот кривичен закон од СФРЈ за тоа кои беа делата што беа определени и што важеа за еден друг систем, особено кај кривичното дело одбивање прием и употреба на оружје, бидејќи е тука исправено односно е кажано во кои случаи е тоа инкриминирано дело. Се кажува дека тоа е одредено со закон односно се повикува на другите закони од сферата на народната одбрана каде што кажува припадниците и онаа заблуда за која се поведе една непотребна полемика, можеби тоа беше и техничка грешка, можеби суштинска, не знам не навлегувам во тоа, така да повеќе не е во коалиција овој дел со Законот за одбрана и другите прописи каде што се дозволува од верски и од други причини одбивање на прием и употреба на оружје.

Сепак, накратко би кажал само дека останува впечаток она што беше искажано и во првичната расправа дека сепак можело малку повеќе да биде нагласена превентивната наспроти репресивната улога

како што кажа и министерот дека се предвидени нови 35 кривични дела и дека се извршени -други интервенции, како и онаа забелашка што беше во комисиите а е останата и сега , гледам во извештаите од комисиите дека ќај одредени кривични дела, навистина, распонот е преголем. Тој кај најголем дел од кривични дела се движи од една до десет години, што сепак, и покрај сето залагање и верување дека ќе имаме независно судство, остава простор за еден субјективизам. И оттаму, не мислам да предлагам враќање назад, меѓутоа кога би одел законот во три фази овие вакви подобрувања ќе можеа да се отстранат.

Исто така мислам дека се остава впечаток дека законот, како што кажа и министерот, одговара на некои трендови и некои тенденции, оцена еден впечаток дека не е сосема усогласен со некои други закони, ова е условно кажано, не сосема усогласен, зашто јас секогаш сметам дека кривичниот закон е тој кој што треба да ги пропишува кривичните дела и тоа да биде правило а по исклучок во другите закони. Мислам дека овие кривични дела против авторски права се мошне штуро предвидени и дадени и еден мал амандман, меѓутоа, не дава доволно заштита зашто се присутни големи промени и не кореспондира доволно со законот кој што сега влезе во процедура во прва фаза така наречениот закон за авторски и други права каде што можеше да има поголема кривично правна заштита на фонографски записи права на таканаречени издавачи или пак видео - сценски дела и други видови дела, така што овој кривично правен плагијат и др. кој што ќе беа поусогласени со Берлинската конвенција согласно декларацијата на РМ од 1993 година за пристапување кон светската организација за заштита на интелектуалната сопственост, така да овие дела ќе можеа да бидат многу повеќе разработени и тоа можеше да биде разработено кај овие таканаречени авторски права, мислам дека можеше да биде предвиден6:

во повеќе членови, повеќе разработено и истото да биде предвидено со гонење по службена должност а не по приватна тужба за овие дела. Исто така да беше предвидена казна и за обид а не само и за извршено кривично дело.

Или на крајот, и покрај овие забелешки во суштина законскиот концепт го оценувам како добар. Меѓутоа, останува впечатокот дека некои работи непотребно не се довршени, се оставени и дали тој меѓувременски теснец од три месеца, инаку добра е оваа практика што гледаме од образложението дека одредени организации во Републиката дале одредени сугестии. Таа пракса треба да се негува и во иднина и навистина, за прв пат имаме, без да бараме, да добиеме експертиза од Советот на Европа. Знаете дека по неколку закони се укажуваше дека е потребна таа експертиза и дури по инсистирање на некои пратеници овде беше поделена, дадена е во образложението па смислам дека и во иднина би требало ова министерство по другите закони што престојат, оваа експертиза да ја доставува до пратениците, па дури и непрераскажана, би можело директно да ја достави таа експертиза. Така пратениците ќе имаат на увид се и на тој начин ќе се елиминираат евентуални сомневања за пристрасност и сл. во врска со подготвувањето на законот.

Уште еднаш да кажам дека законот го поддржувам дека и покрај тоа што оценувам дека во иднина сакам да повторам пообемни и сложени закони не би смееле да одат во две фази туку во три, за да и вакви некои забелешки бидат зарледани, затоа што сега едноставно немаше време сите да бидат разгледани од самиот предлагач и од самите пратеници. Ако имаше малку повеќе време овој обемен материјал ќе можеше подобро да се анализира и ќе имаше поголем број квалитетни забелешки. Вака можеби станува сомнеж кај некои пратеници

дека можеби со намерно даден набрзина за да нема многу време за интервенции. Меѓутоа, во секој случај повторувам дека воопшто го поддржувам законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да нема забуна, законот апсолутно се носи во две фази, во редовна постапка.

Собранието може по исклучок да се определи да даде и фаза на нацрт. Постапката апсолутно е редовна и оваа процедура ќе се спроведува со законот.

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, нема да ви одземам многу време затоа што и не се чувствувам доволно стручен и компетентен да расправам со министерот и со Министерството за оваа многу деликатна материја, но се јавив за збор да обранам внимание на една работа што ја гледам од позиција на граѓани и од позиција на згрижен човек, поради некои состојби во општеството.

Во смисла на тоа ќе се задржам на глава 15 и со одреден број забелешки за делата предвидени како кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот, односно за висината на казните што се предвидени за овие дела. Сметам дека имајќи ги предвид состојбите и нарушувањата на слободата и правата спрема граѓаните односно злоупотребата на службената должност кон граѓаните од страна на службените лица, сметам дека би било пожелно во ова време, во овој одреден период да имаме можеби и повисоки казни со кои што ќе се санкционираат делата против слободата и правата на човекот и граѓанинот.

Во оваа смисла предлагам одреден број на амандмани за кои се надевам дека сериозно ќе бидат разгледани од страна на предлагачот и до колку цени дека има место за определени интервенции сметам дека би било во насока на спречувањето на овие дела што се многу присутни, според извештаите и жалбите што се јавуваат на граѓаните. Пред се, тука мислам на малтретирањата во вршењето на службата што се секојдневна појава и кој што многу малку се санкционираат а и кога се санкционираат, лицата кои подлежат на такви санкции многу бргу се ослободуваат.

Да не се задржувам и на другите глави односно членови што го третираат тоа прашање како член 137, 139, 140, 141, 142, неповредливоста на домот и сите други прашања кои што се битни од гледна точка на позицијата на граѓанинот, така што сметам дека би било пожелно да се поразмисли и да се прифатат определен број на интервенции во смисла на зголемување на казните за овие дела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам и општиот претрес.

Ве молам, сакам нешто да ви предложам. Со оглед на многу значајните точки што се на дневниот ред, Законот за тарифите, Законот за локалните избори итн. јас Ве молам да смогнеме снаги да работиме и утре, вторник среда и четврток, за да можеме оваа сесија пред одморите да ја завршиме до 27 јули ако сакате во текот на август да бидеме слободни .

Предлагам со амандманската расправа да продолжиме утре во 10,00 часот, но ве молам во 10,00 а не во 11,30 часот.

Молам да бидеме точни.

Седницата прекина со работа во 16.45 часот.